1. Одлука за усвојување на завршна сметка за 2013 година на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
2. Одлука за усвојување на завршна сметка за 2013 година на Унисервис ДООЕЛ – Штип;
3. Одлука за усвојување на завршна сметка за 2013 година на Унисервис Агро ДООЕЛ – Штип;
4. Одлука за усвојување на завршна сметка за 2013 година на Универзитетски спортски центар.

**На 90. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 10.3.2014 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за избор на проф. д-р Владо Петров во звање редовен професор;
2. Одлука за избор на проф. д-р Снежана Мирасчиева во звање редовен професор;
3. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Македонски јазик, книжевност и култура за трет циклус на студии во рамките на Кампус 4 – општествени и хуманистички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
4. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Англиски јазик, книжевност и култура за трет циклус на студии во рамките на Кампус 4 – општествени и хуманистички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
5. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Туризам и угостителство за трет циклус на студии во рамките на Кампус 4 – општествени и хуманистички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
6. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Воспитанието и образованието во раниот детски развој за трет циклус на студии во рамките на Кампус 4 – општествени и хуманистички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
7. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Училишна педагогија за трет циклус на студии во рамките на Кампус 4 – општествени и хуманистички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
8. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Политички науки – Политички системи за трет циклус на студии во рамките на Кампус 4 – општествени и хуманистички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
9. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Деловна економија за трет циклус на студии во рамките на Кампус 4 – општествени и хуманистички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
10. Одлука за усвојување на Процедура за премин од една на друга студиска програма во рамките на иста единица при Универзитетот„Гоце Делчев“ – Штип;
11. Одлука за усвојување на Процедура за премин од една единица на друга во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и/или премин од друг Универзитет на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
12. Одлука за усвојување на Процедура при признавање на испити положени на друга високообразовна установа при преминување на студент од друга високообразовна установа на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;

13. Одлука за усвојување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно – научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
14. Одлука за усвојување на предлог – мислења од Комисијата за финансии, инвестиции и развој;
15. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисијата за нормативна и издавачка дејност;
16. Одлука за утврдување на висината на паричните средства во Фондот за научноистражувачка работа на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2014 година;
17. Одлука за давање на согласност на Одлуките од Управниот одбор на Фондот за научноистражувачка работа за финансирање на научноистражувачки проекти за 2014 година;
18. Одлука за давање согласност на одлуките од Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во врска со одржувањето на Научниот симпозиум
19. Одлука за дополнување на одлуката за определување на додаток во плата на лица кои извршуваат одредени одговорни и раководни функции на Универзитетот;
20. Одлука за доделување Признание на MD Severin B. Palydowycz и Silvana Palydowycz за афирмирање на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;

**На 91. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 17.3.2014 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за давање согласност на одлуките од Наставно – научните совети на единиците при Универзитетот, за усвојување на Правилниците за дополнување на Правилниците за организација и работењето на единиците (Факултетски одбори за соработка и доверба со јавноста);
2. Одлука за усвојување на Правилник за дополнување на Правилникот за доделување на годишни награди на вработените и надворешно ангажирани лица на Универзитетот за објавен научен или стручен труд во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
3. Одлука за усвојување на додаток на диплома за дипломирани студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на кои им се дозволува повторно полагање на одреден број на предмети;
4. Одлука за усвојување на додаток на диплома за студенти кои се запишале на Факултетот за рударство, геологија и политехника и на Педагошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, а школувањето го продолжиле и го завршиле на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
5. Одлука за усвојување на Студентски календар и распоред на годишни активности за студенти од прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, за календарската 2013/2014 година;

6. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисијата за финансии, инвестиции и развој;
7. Одлука за склучување на Договори помеѓу Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и приватни здравствени стоматолошки ординации, за зимски семестар во учебната 2013/2014 година;
8. Одлука за склучување на Договор со ПЗУ „Дентолаб“ – Заботехничка лабораторија во Здравствен дом – Штип;
9. Одлука за усвојување на Предлог на поддомени за единиците на веб-страницата на Универзитетот;
10. Одлука за плаќање на фактури на ЕВН Македонија АД Скопје, за одјава на броило и потрошена електрична енергија во преземаните објекти Фешн ДОО Штип и Сојуз на пронаоѓачи Штип;
11. Одлука за усвојување на Работно упатство за користење на електронската пошта на Универзитетот;
12. Одлука за усвојување на Работно упатство за користење на системот за контрола на пристап на Универзитетот;
13. Одлука за доделување на награди за студентите кои ќе ги освојат првите три места на Ораторските средби во организација на Правен факултет;
14. Одлука за усвојување на барање за донација на стар мебел поднесен од Здружението на земјоделски производители и претприемачи „Агровизија“ – Штип;
15. Одлука за усвојување на измените на Правилникот за внатрешните односи и работење на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**На 92. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 27.3.2014 година, беше донесена следнава одлука:**

1. Одлука за доделување на награди по повод 27 март – патронат на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип за 2014 година.

**На 93. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 22.4.2014 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за избор на проф. д-р Рубин Гулабоски во звање редовен професор;
2. Одлука за избор на проф. д-р Ристо Фотов во звање редовен професор;
3. Одлука за ангажирање на проф. д-р Јакоб Ликар како визитинг професор;
4. Одлука за ангажирање на проф. д-р Владимир Берманец како визитинг професор;
5. Одлука за ангажирање на проф. д-р Драган Шкориќ како визитинг професор;
6. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисијата за финансии, инвестиции и развој;

7. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за нормативна и издавачка дејност;
8. Одлука за усвојување на Листа на наставници за реализирани активности за користење на флексибилно работно време – ФРВ;
9. Одлука за усвојување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
10. Одлука за дополнување на Моделот за полагање на колоквиум, согласно со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
11. Одлука за усвојување на  Листа на универзитетски изборни предмети, за кои наставната програма и полагањето ќе се одвиваат по електронски пат;
12. Одлука за усвојување на Процедура за депонирање на потпис во студентскиот информационен систем;
13. Одлука за усвојување на Работно упатство за користење на модулот за поддршка на крајни корисници на студентскиот информационен систем;
14. Одлука за продолжување на времетраењето и дополнување на Проектот за надградба на студентски информационен систем на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Верзија 2.0);
15. Одлука за усвојување на Проект за имплементација на софтверско решение за акредитираните лаборатории на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
16. Одлука за претплата за користење на EBSCO бази за 2014 година;
17. Одлука за одобрување на финансиска помош за научно списание од областа на хемијата и хемиската технологија – MJCCE за 2014 година;
18. Одлука за регулирање на обврските кои ги имаат асистентите на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, врз основа на склучените договори за професионален/кариерен развој;
19. Одлука за продолжување на времетраењето на рамковна спогодба со Друштво за промет со нафта и нафтени деривати ВАГО ПЕТРОЛ ДОО, Друштво за туризам и угостителство АТЛАНТИС ДООЕЛ Струмица и Друштво за производство, туризам, угостителство и трговија ТОРИ-ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци бр. 0203-218/1-34 од 19.`4.2012 година за набавка на хотелски услуги по спроведена постапка по Оглас бр.05/2012;
20. Одлука за усвојување на барање за пренос на средства од една на друга сметка поднесено од раководителот на Одделот за сметководство и финансии;
21. Одлука за номинирање на лица за посета на седиштето на НАТО во Брисел;

22. Одлука за усвојување на барање од Факултетот за музичка уметност во врска со остварувањето на соработка со Универзитетот УКЛА од Лос Анџелес (Калифорнија) – САД;
23. Одлука за учество на Одделот за џез студии на Факултет за музичка уметност на Светскиот ден на џез музиката, под покровителство на УНЕСКО и во организација на Скопскиот џез фестивал;
24. Одлука за усвојување на Ценовник за корисниците на услуги на проектот – Рекреативен центар за вработени и студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
25. Одлука за усвојување на Предлог за набавка на уметнички дела за Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
26. Одлука за усвојување на барање на средства за репарација, реставрација и патинирање на гипсениот модел „Аристотел“;
27. Одлука за избор на проф. д-р Ана Вукелиќ во звање редовен професор;
28. Одлука за продолжување на студиите на дипломираните студенти по студиска програма – Предучилишно воспитување (2008/2009,2009/2010, 2010/2011, 2011/2012) со стекнати 180 КП според ЕКТС на студиската програма – Предучилишно воспитување од 2012/2013 - 240 КП според ЕКТС;
29. Одлука за регулирање на уплатата на парични средства за апсолвентски стаж на дипломираните студенти од Факултетот за медицински науки;
30. Одлука за издавање Дневник на активности за семестрална пракса на студентите од страна на Факултетот за туризам и бизнис логистика;
31. Одлука за усвојување на Предлог-проект за електронско тестирање и колоквиуми за додипломските универзитетски предмети;
32. Одлука за изменување и дополнување на Ценовникот за услуги од Катедрата за заштита на растенијата и животната средина – Лабораторија за заштита на растенијата и животната средина на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
33. Одлука за исправка на техничка грешка во студиските програми 2012/2013 година од прв циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика;
34. Одлука за исправка на техничка грешка во студиска програма Општа медицина 2008/2009 година на Факултет за медицински науки;
35. Одлука за дополнување на Одлуката за доделување на награди по повод 27 март – патронат на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип за 2014 година.

**На 94. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 26.5.2014 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за верификација на мандат на член во Универзитетски сенат, претставник од Факултет за образовни науки;
2. Одлука за ангажирање на проф. д-р Владимир Берманец за визитинг професор на Факултет за природни и технички науки;
3. Одлука за ангажирање на проф. д-р Јакоб Ликар за визитинг професор на Факултет за природни и технички науки;

4. Одлука за ангажирање на проф. д-р Јосип Милат за визитинг професор на Факултет за образовни науки;
5. Усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма за Стекнување на педагошка квалификација;
6. Одлука за усвојување на Правилник за евалуација на наставниот процес на академскиот кадар од страна на студентите на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
7. Одлука за усвојување на Правилник за изменување на Правилникот за утврдување и исплата на плати и други надоместоци на вработените на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
8. Одлука за изменување на Работно упатство за авторите за подготовка на ракописи за објавување во Годишниот зборник на трудови на единицата на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
9. Одлука за продолжување на времетраењето на Договорот бр. 0203-412/1-21 од 8.5.2013 година со БИОСИСТЕМИ за Дел 1- Медиуми за клеточни култури за набавка на реагенси и лабораториски потрошен материјал и Договорот бр. 0203-412/1-22 од 8.5.2013 година со БИОТЕК за Дел 2-Лабораториски потрошен материјал и реагенси за Молекуларна и клеточна биологија за потребите на два донаторски проекти: Проект 785-И9 –хемиски инхибитори за DUX4 терапевтски пристап за FSHD и Проект 785-Е0 – тестирање на малечки молекули,со цел да се идентификува инхибитор на токсичниот ефект на DUX4 терапевтски пристап за FSHD,а согласно претходно спроведена отворена постапка по објавен Оглас бр.38/2012 за потребите на Универзитетот,, Гоце Делчев”- Штип;
10. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за Јавни набавки за 2014 година;
11. Одлука за усвојување на Предлог – план за медиумска застапеност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2014/2015 година;
12. Одлука за усвојување на Предлог за реализирање Проект од страна на УГД со цел заштита и дигитализација на стариот филмски материјал од Штип;
13. Одлука за утврдување на трошоци за студиската програма Општа медицина, за секоја година почнувајќи од 2014-2015 година, согласно тековните трошоци и трошоците што произлегуваат од одредбите на новиот Закон за медицински студии;
14. Одлука за стручна посета на студенти од студиската програма по општа медицина за престој на Клиниките на Државниот Медицински Универзитет во Самара, Русија;
15. Одлука за усвојување на предлог – мислења од Комисија за нормативна и издавачка дејност;
16. Одлука за усвојување на предлог – мислења од Комисија за финансии, инвестиции и развој;
17. Одлука за распишување на Јавен повик за прибирање на Понуди за склучување на Договори за деловно – технички соработки за потребите на Универзитетот за давање на угостителски услуги во Наставните центри во Радовиш, Кочани и Скопје;

18. Одлука за усвојување на Предлог за поставување на спомен обележје на објектот – Ректорат на УГД;
19. Одлука за ангажирање на лице за техничка поддршка за пренос на радиски предавател „УГД ФМ“;
20. Одлука за изменување и дополнување на Ценовник за услугите на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
21. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Растителна биотехнологија на прв циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
22. Одлука за раскинување на Рамковна спогодба бр. 0203-659/1-33 од 24.10.2013 година со Друштво за промет и услуги експорт - импорт БИОТЕК ДОО Скопје, Рамковна спогодба бр. 0203-659/1-34 од 24.10.2013 година со Друштво за трговија,производство и услуги БИ-ЕЛ инженеринг увоз-извоз дооел Струмица, согласно со отворена постапка за набавка на потрошен материјал за лаборатории и ситен инвентар по објавен Оглас бр.32/2013 и Рамковна спогодба бр. 0203-769/1-18 од 21.8.2013 година со Трговско друштво за производство, трговија и инженеринг ПАП КОМПАНИ Охрид ДООЕЛ спроведена со ППБО за набавка на внатрешно и надворешно брендирање за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев”- Штип.

**На 95. седница на Универзитетски сенат, одржана на 16.6.2014 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за ангажирање на проф. д-р Пенка Димитрова за визитинг професор на Технолошко-технички факултет;
2. Одлука за ангажирање на проф. д-р Христо Петров за визитинг професор на Технолошко-технички факултет;
3. Одлука за ангажирање на проф. д-р Ана Вукелиќ за визитинг професор на Технолошко-технички факултет;
4. Одлука за ангажирање на проф. д-р Ана Вукелиќ за визитинг професор на Електротехнички факултет;
5. Одлука за ангажирање на проф. д-р Кристоф Гуд за визитинг професор на Правен факултет;
6. Одлука за ангажирање на проф. д-р Кристин Витнбл за визитинг професор на Правниот факултет;
7. Одлука за усвојување на студиски програми од прв и втор циклус студии на Филмска академија и предлог-проект за основање на студиски програми на англиски јазик на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во соработка со ФАМУ, Прага, Република Чешка;
8. Одлука за усвојување на елаборати за акредитација на студиски програми од втор циклус специјалистички стручни студии на Факултет за медицински науки;
9. Одлука за усвојување на План за дополнување на Планот на архивски знаци за распоредување на актите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;

10. Одлука за усвојување на Процедура за депонирање на потпис во Студентскиот информационен систем (СИС);
11. Одлука за усвојување на Извештај за квартална реализација на Проектот за надградба на Студентски информационен систем (верзија 2.0);
12. Одлука за изменување на Одлуката за усвојување на Листа на наставници за реализирани активности за користење на флексибилно работно време – ФРВ;
13. Одлука за изменување на Одлуката по барање на група студенти запишани во учебната 2009/2010 година на Факултет за медицински науки, за намалување на партиципацијата од 900 на 400 евра;
14. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2014 година;
15. Одлука за продолжување на времетраењето на Договор бр.0203-388/1-35 од 25.6.2013 година за Набавка на услуги за огласување и издавање за Дел 1 – Објавување и издавање во македонски весник со НИК НОВА ПРИНТ и Договор бр.0203-388/1-36 од 25.6.2013 година за набавка на услуги за огласување и издавање за Дел 2 – Објавување и издавање во друг македонски весник со МЕДИА ПРИНТ за потребите на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип по Оглас бр.03/2013;
16. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисијата за нормативна и издавачка дејност;
17. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисијата за финансии, инвестиции и развој;
18. Одлука за формирање на Универзитетска конкурсна комисија и утврдување на надомест за членовите на комисијата, за работната група за успешно реализирање на уписите на Универзитетот и за вработените од единиците на Универзитетот кои се задолжени за примање на документи и внесување на податоци за пријавените кандидати за студиската 2014/2015 година;
19. Одлука за учество на Оркестарот на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип на Меѓународниот фестивал „Дојрана“;
20. Одлука за усвојување на студиска програма на втор циклус – магистерски студии на Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“ – Скопје;
21. Одлука за усвојување на студиска програма на трет циклус – докторски студии на Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“ – Скопје;
22. Одлука за ангажирање на проф. д-р Маркус Хот за визитинг професор на Факултетот за медицински науки;
23. Одлука за исправка на техничка грешка во студиска програма Гастрономија, исхрана и диететика и студиска програма Хотелско-ресторанска на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

**На 96. седница на Универзитетски сенат, одржана на 7.7.2014 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за избор на проф. д-р Никола Смилков во звање редовен професор;
2. Одлука за ангажирање на проф. д-р Форна Норина Консуела за визитинг професор на Факултетот за медицински науки;
3. Одлука за ангажирање на проф. д-р Васка Вандевска-Радуновиќ за визитинг професор на Факултет за медицински науки;
4. Одлука за ангажирање на проф. д-р Сангвон Парк за визитинг професор на Факултет за медицински науки;
5. Одлука за ангажирање на доц. д-р Хусејин Озбај за визитинг професор на Филолошки факултет;
6. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на заедничка студиска програма Прехранбена технологија на прв циклус студии на Технолошко- технички факултет и Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
7. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Класично сликарство на прв циклус студии на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
8. Одлука за продолжување на времетраењето на Договор бр.0203-779/1-23 од 30.8.2013 година за извршување на услуги врз основа на избор на авторска агенција со МАКЕДОНСКА АВТОРСКА АГЕНЦИЈА ДОО Скопје за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип по Оглас бр.42/2013;
9. Одлука за усвојување на процедури за постапување по барања од вработени и одговор;
10. Одлука за усвојување на Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
11. Одлука за усвојување на Правилник за внатрешни односи и работење на Музичка академија;
12. Одлука за усвојување на Деловник за работа на Наставно-научниот уметнички совет на Музичка академија;
13. Одлука за усвојување на Правилник за внатрешни односи и работење на Ликовна академија;
14. Одлука за усвојување на Деловник за работа на Наставно-научниот уметнички совет на Ликовна академија;
15. Одлука за формирање на Совет за информатичко-технолошки развој на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
16. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за нормативна и издавачка дејност;
17. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за финансии, инвестиции и развој;
18. Одлука за распишување на Јавен повик за прибирање на понуди за склучување на договори за деловно-технички соработки за потребите на Универзитетот за давање на угостителски услуги во наставните

центри во Скопје, Радовиш, Струмица, Кочани и во Штип (Кампус 2 и Кампус 4);

19. Одлука за формирање на Центар за нуклеарни испитувања од областа на медицината;
20. Одлука за реализација на настава, предиспитни и испитни активности со завршно оценување на универзитетски изборни предмети за прв циклус студии;
21. Одлука по барање од проф. д-р Тодор Делипетров за распишување тендер за изградба на апсолутна куќичка, која е дел од Геомагнетната опсерваторија;
22. Одлука по барање на Универзитетски кошаркарски клуб;
23. Одлука за изменување и дополнување на Годишен план за јавни набавки за 2014 година;
24. Одлука за одобрување на спонзорство за учество на Музичката академија на Конференцијата ICT Inovation 2014 во Охрид;
25. Одлука за формирање на Универзитетски кошаркарски клуб како посебно правно лице.

**На 97. седница на Универзитетски сенат, одржана на 1.9.2014 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за ангажирање на проф. д-р Дејан Ивезиќ за визитинг професор на Машински факултет;
2. Одлука за ангажирање на проф. д-р Зоран Анишиќ за визитинг професор на Машински факултет;
3. Одлука за ангажирање на проф. д-р Џорџ М. Елзенбах за визитинг професор на Машински факултет и Електротехнички факултет;
4. Одлука за ангажирање на проф. д-р Кирил Христовски за визитинг професор на Електротехнички факултет;
5. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Базични и клинички истражувања во дентална медицина на трет циклус студии во рамките на Факултет за медицински науки;
6. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Биомедицина на трет циклус студии во рамките на Факултет за медицински науки;
7. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Невронауки на трет циклус студии во рамките на Факултет за медицински науки;
8. Одлука за изменување на табела на активности кои се бодираат при изборот во звање, која е составен дел на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот (Универзитетски гласник бр. 31/14);
9. Одлука за формирање на Универзитетска конкурсна комисија за одлучување за прием на кандидати за втор циклус студии за учебната 2014/2015 година;
10. Одлука за определување на висината на надоместокот на членовите на рецензентските комисии за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот;

11. Одлука за изменување и дополнување на Табеларниот преглед на работни места, кој е составен дел на Правилникот за внатрешна организација на работата и систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Универзитетски гласник бр.31/14);
12. Одлука за усвојување на Работно упатство за користење на модул Архива;
13. Одлука за давање на согласност за придружно членство на други единици кон Универзитетот;
14. Одлука за започнување на постапка за акредитација на Лабораторија за радиофармација при Факултетот за медицински науки;
15. Одлука за продолжување на времетраењето на Договорот за набавка на Завршни работи за Медицински факултет (Текстилно училиште) за потребите на Универзитетот, склучен со „Инженеринг – теракота“ ДОО – Прилеп;
16. Одлука за изменување на Годишниот план за јавни набавки за 2014 година;
17. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за нормативна и издавачка дејност;
18. Одлука за усвојување на најповолни понуди по објавениот Јавен повик за прибирање на понуди за склучување на договори за деловно-технички соработки за потребите на Универзитетот, за давање на угостителски услуги во наставните центри во Скопје, Радовиш, Струмица, Кочани и во Штип (Кампус 4);
19. Одлука за обезбедување на сместување и превоз на учесници за Првата меѓународна научна конференција во рамките на Правниот факултет;
20. Одлука за исплата на фиксен надоместок поради зголемен ангажман на пензионирани професори ангажирани како стручњаци од пракса на Факултетот за медицински науки во летен семестар од учебната 2013/2014 година;
21. Одлука за регулирање на плаќањето на фактури за јули и август 2014 година, доставени од Т-мобиле Македонија АД – Скопје;
22. Одлука за усвојување на барања поднесени од носители на научни проекти;
23. Одлука по Молба од м-р Ленче Николовска и м-р Тоше Крстев;
24. Одлука за зголемување на основачкиот влог во Универзитетскиот спортски центар.

**На 98. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 16.9.2014 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за нормативна и издавачка дејност;
2. Одлука за дополнување на одлуката за давање на согласност на одлуките од Наставно – научните совети на единиците на Универзитетот за покриеност на наставата и ангажирање на наставници и соработници на студиските програми за прв циклус на

студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за зимски и летен семестар во учебната 2014/2015 година;
3. Одлука за ангажирање на истакнати стручњаци од практиката на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, за зимски и летен семестар во учебната 2014/2015 година;
4. Одлука за ангажирање на наставници од други универзитети на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и ангажирање на наставници избрани во насловни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за зимски и летен семестар во учебната 2014/2015 година;
5. Одлука за давање на согласност на одлуките од Наставно – научните совети на единиците на Универзитетот за покриеност на наставата и ангажирање на наставници и соработници на студиските програми за втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, за зимскиот и летниот семестар во учебната 2014/2015 година;
6. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма „Наука и технологија за композитни материјали“ на македонски јазик на трет циклус на студии во рамките на Технолошко – техничкиот факултет;
7. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма „Наука и технологија за композитни материјали“ на англиски јазик на трет циклус на студии во рамките на Технолошко – техничкиот факултет;
8. Одлука за усвојување на Правилник за стекнување и распределба на средствата остварени врз основа на втор циклус универзитетски студии, трет циклус (докторски) студии и специјализации на здравствени работници и здравствени соработници со високо образование на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
9. Одлука за усвојување на Правилник за дополнување на Правилникот за внатрешни односи и работењето на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
10. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2014 година;
11. Одлука за давање согласност за склучување на Договор за закуп на стан;
12. Одлука за продолжување на Договорот за колективно осигурување на вработените на Универзитетот од последици при несреќен случај (незгода), со АД за осигурување Винер;
13. Одлука за усвојување на Понуда од Агенција за маркетинг и издавачка дејност „ЕЛИТА“ – Скопје;
14. Одлука за продолжување на рок за плаќање по склучени Договори со „ИНЖИНЕРИНГ ТЕРАКОТА“ – Прилеп, „ПРОМОНТИНГ“ – Скопје и „БАУЕР БГ“ – Скопје за потребите на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
15. Одлука за реализација на набавка на еден лаптоп и две лиценци за софтвер предвидени со проектот „TEMPUS project JPGR 511342 – iKnow - Innovation and Knowledge Management towards eStudent Information System”;

16. Одлука за воведување на студиски програми од прв и втор циклус на студии на кои наставата и полагањето ќе се изведува на англиски јазик.

**На 99. седница на Универзитетски сенат, одржана на 16.10.2014 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за нормативна и издавачка дејност;
2. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за финансии, инвестиции и развој;
3. Одлука за ангажирање на проф. д-р Бисерка Цвејиќ за визитинг професор;
4. Одлука за ангажирање на проф. д-р Ветсел Гералд за визитинг професор;
5. Одлука за усвојување на Список на ангажирани визитинг професори за зимскиот и летниот семестар во учебната 2014/2015 година;
6. Одлука за промена на коефициентот на образование и стручност на работните задачи од сметката 603 (буџетска сметка) на Универзитетот;
7. Одлука за усвојување на Правилник за условите, постапката и правилата на студирање на програмата за стручно и професионално усовршување за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
8. Одлука за усвојување на Правилник за внатрешните односи и работење на Филмска академија;
9. Одлука за усвојување на Деловник за работа на Наставно-научниот уметнички совет на Филмска академија;
10. Одлука за усвојување на Процедура за постапката за оценка и одбрана на докторски труд и/или изведба на уметничко дело;
11. Одлука за уплата на основен влог во основањето на Медицински симулациски центар;
12. Одлука за номинирање лице за член на Управен одбор на Медицински симулациски центар;
13. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2014 година;
14. Одлука за продолжување на времетраењето на Рамковната спогодба за набавка на услуги за копнен транспорт – превоз на вработени за потребите на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
15. Одлука за продолжување на времетраењето на Договор за набавка на услуги за огласување во весник на албански јазик за потребите на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
16. Одлука за усвојување на План на архивски знаци за распоредување на актите на Универзитетот, Листа на архивска граѓа од трајна вредност и Листа на документарен материјал со рокови на негово чување за 2015 година;
17. Одлука за склучување на Договор со ПЗУ „Дентолаб“ – Заботехничка лабораторија во Здравствен дом – Штип, за 2014 година;

18. Одлука за склучување на договори помеѓу Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и приватни здравствени стоматолошки ординации, за зимски семестар во учебната 2014/2015 година;
19. Одлука за давање согласност на одлуките од Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки во врска со Научниот симпозиум „Медицина и стоматологија базирана на докази“, кој ќе се одржи во октомври 2014 година;
20. Одлука за формирање на Универзитетска конкурсна комисија за одлучување за прием на кандидати за трет циклус (докторски) студии за учебната 2014/2015 година;
21. Одлука за стипендирање на трет циклус студии на вработените на Универзитетот;
22. Одлука за доделување стипендии за втор циклус студии на студенти од Општина Пустец, Р. Албанија;
23. Одлука за префрлување на студенти од студиската програма Класично сликарство на Факултет за музичка уметност на новоформираната Ликовна академија;
24. Одлука за изменување и дополнување на Ценовникот за исплата на ангажирани наставници за одржување на наставата по македонски јазик за странци на Институтот за јазици на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
25. Одлука за усвојување на барање за користење на средства од Универзитетот за набавка на опрема за објектот во Плачковица;
26. Одлука за усвојување на предлог од Универзитетски културен центар за хуманитарна проекција на филмот „Деца на сонцето“;
27. Одлука за дополнување на Правилникот за внатрешни односи и работење на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
28. Одлука за усвојување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**На 100. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 10.11.2014 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за нормативна и издавачка дејност;
2. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за финансии, инвестиции и развој;
3. Одлука за потврдување на Одлуката од ректорот на Универзитетот за избор на декан на Ликовната академија;
4. Одлука за ангажирање на проф. д-р Јовица Васин за визитинг професор;
5. Одлука за ангажирање на проф. д-р Драган Шкориќ за визитинг професор;

6. Одлука за избор на д-р Цвета Мартиновска – Банде во звање редовен професор;
7. Одлука за избор на д-р Милка Здравковска во звање редовен професор;
8. Одлука за избор на д-р Виолета Димовска во звање редовен професор;
9. Одлука за усвојување на Правилник за дополнување на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
10. Одлука за усвојување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
11. Одлука за дополнување на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
12. Одлука за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешни односи и работење на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
13. Одлука за давање согласност на одлуките од Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки во врска со одржувањето на Научниот симпозиум „Оклузална болест“;
14. Одлука за исплата на 30% од висината на хонорарот утврден во договорите за меѓусебните права и обврски склучени со ангажираните истакнати стручњаци од практиката, ангажираните наставници избрани во насловни звања на Универзитетот и ангажирани наставници од други универзитети на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
15. Одлука за доделување стипендии за прв циклус студии на активни учесници во Универзитетскиот кошаркарски клуб;
16. Одлука за годишна претплата за користење на бази на податоци (HINARI, AGORA, OARE and ARDI) за 2015 година;
17. Одлука за усвојување на барања поднесени од носители на научни проекти;
18. Одлука за покривање на трошоците за загревање на просторот што го користи Универзитетот во Национална установа Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип;
19. Одлука за покривање на трошоците за загревање на просторот што го користи Универзитетот во СОУ „Димитар Мирасчиев“ – Штип;
20. Одлука за формирање Комисија за постапување по Жалба поднесена од доц. д-р Крсте Шајноски;
21. Одлука за формирање Комисија за постапување по Жалба поднесена од доц. д-р Александар Костадиновски;
22. Одлука за формирање на Комисија за спроведување на попис на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2014 година;
23. Одлука за определување на висината на надоместокот на членовите на рецензентските комисии за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот.

# VI. ОДДЕЛОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

СОДРЖИНА


I. Вовед
II. Донесување, измени и дополнувања на Годишен план за јавни набавки
III. Краток преглед на реализирани постапки
IV. Активности во Одделот за јавни набавки
V. Предлози за подобрување на работата на Одделот за јавни набавки
VI. Прилози


## I. Вовед

Одделот за јавни набавки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип завршува уште една успешна година исполнета со активности од најразличен вид и побогат со искуства од седмата година од примената на Законот за јавните набавки и подзаконските акти.

Во 2014 година има три измени во Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр. 28/2014, 43/2014 и 130/2014). Во собраниска процедура е и четвртата измена.

Водејќи се од латинската поговорка ***Res, non verba (дела, не зборови),*** го поднесуваме Годишниот извештај за работата на Одделот за јавни набавки за 2014 година.

Најпрвин ќе се осврнеме на Годишниот план за јавни набавки, заедно со измените и дополнувањата на овој план во текот на 2014 година.

Потоа, низ краток преглед, ќе ја осознаеме застапеноста на видовите постапки и предметите на набавките на спроведените постапки на Универзитетот.

## II. Донесување, измени и дополнувања на Годишен план за јавни набавки

Годишниот план за јавни набавки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за 2013 г. е усвоен со Одлука за усвојување на Годишен план за јавни набавки за 2014 г., бр.0701-1437/2 од 30.12.2013 г.

Во текот на 2014 година се извршени измени и дополнувања на Годишниот план за јавни набавки за 2014 година со следните одлуки:

1. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2014 година бр.0701-656/21 од 26.5.2014 год.;
2. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2014 година бр.0701-746/32 од 16.6.2014 год.;
3. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2014 година бр.0701-847/25 од 7.7.2014 год.;
4. Одлука за изменување на Годишниот план за јавни набавки за 2014 година бр.0701-962/17 од 2.9.2014 год.;
5. Одлука за изменување на Годишниот план за јавни набавки за 2014 година бр.0701-991/11 од 16.9.2014г. год.;
6. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2014 година бр.0701-1142/16 од 16.10.2014 год.

**Во текот на 2014 година се донесени следните одлуки на Сенат, кои се однесуваат на постапки за јавните набавки:**

1. Одлука за реализација на набавки предвидени со проектот „Конгресен центар и Центар за доживотно учење“ бр.0701-194/10 од 29.1.2014 г.;
2. Одлука за продолжување на времетраењето на Рамковната спогодба со Макпетрол по Оглас бр.25/2014, бр.0701-194/9 од 29.1.2014 г.;
3. Одлука за продолжување на времетраењето на рамковната спогодба со Т-мобиле по Оглас бр.26/2011, бр.0701-254/3 од 10.2.2014 г.;
4. Одлука за продолжување на времетраењето на рамковната спогодба со НЕОТЕЛ по Оглас бр.7-07/2011, бр.0701-254/2 од 10.2.2014 г.;
5. Одлука за дополнителни работи со БЕТОН по Оглас бр.22/2013, бр.0701-194/10 од 29.1.2014 г.;
6. Одлука за продолжување на времетраењето на Рамковната спогодба со ВАГО ПЕТРОЛ, АТЛАНТИС и ТОРИ по Оглас бр.05/2012, бр.0701-562/15 од 23.4.2014 г.;
7. Одлука за продолжување на времетраењето на Договорот со БИОСИСТЕМИ и БИОТЕК по Оглас бр.38/2012, бр.0701-656/22 од 26.5.2014 г.;
8. Одлука за усвојување и предлог за набавка на уметнички дела, бр.0701-562/10 од 23.4.2014 г.;
9. Одлука за раскинување на Рамковната спогодба со БИОТЕК и БИ-ЕЛ ИНЖИНЕРИНГ по Оглас бр.32/2013 и ППБО со ПАП КОМПАНИ, бр.0701-656/23 од 26.5.2014 г.;
10. Одлука за продолжување на времетраењето на Договорот со НИК НОВА МАКЕДОНИЈА и МЕДИА ПРИНТ по Оглас бр.03/2013, бр.0701-746/33 од 16.6.2014 г.;
11. Одлука за продолжување на времетраењето на Договорот со МАКЕДОНСКА АВТОРСКА АГЕНЦИЈА по Оглас бр.42/2013, бр.0701-847/24 од 7.7.2014 г.;
12. Одлука по Барање од проф. д-р Тодор Делипетров за распишување тендер за изградба на апсолутна куќичка, дел од Геомагнетната опсерваторија, бр.0701-847/22 од 7.7.2014 г.;
13. Одлука за продолжување на времетраењето на Договорот со ИНЖЕНЕРИНГ-ТЕРАКОТА по Оглас бр.40/2013, бр.0701-962/16 од 2.9.2014 г.;
14. Одлука за реализација на набавка на еден лаптоп и две лиценци за софтвер по проектот „TEMPUS project JPGR 511342-iKnow-Innovation and Knowledge Management towards eStudent Information System“, бр.0701-991/13 од 16.9.2014 г.;
15. Одлука за продолжување на рок за плаќање по склучени договори со ИНЖЕНЕРИНГ-ТЕРАКОТА, ПРОМОНТИНГ и БАУЕР БГ, бр.0701-991/12 од 16.9.2014 г.;
16. Одлука за продолжување на времетраењето на рамковната спогодба за копнен транспорт-превоз на вработени, бр.0701-1142/17 од 16.10.2014 г.;

17. Одлука за продолжување на времетраењето на Договорот за набавка на услуги за огласување во весник на албански јазик, бр.0701-1142/18 од 16.10.2014 г.

**III. Краток преглед на спроведени постапки**

**III.1**. За спроведените постапки на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип го даваме следниот табеларен преглед по видови на постапки и по видови на договори:

| Вид на постапка | Стоки | Услуги | Работи | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Отворена постапка | 9 | 6 | 8 | 23 |
| Постапка со барање за прибирање на понуди | 6 | 7 | 1 | 14 |
| ППБО – постапка со преговарање без објавување на оглас | 2 | / | 3 | 5 |
| Постапки по проект | 3 | 4 | / | 7 |
| Постапки во тек – изработка на ТД и објавување на оглас | 6 | 14 | 1 | 21 |
| ВКУПНО | 26 | 31 | 13 | 70 |

**III.2.** По однос на склучени договори по спроведени постапки за јавни набавки го доставуваме следниов преглед:

| Вид на договор | Износ без ДДВ | Износ со ДДВ |
|---|---|---|
| Стоки | 39.177.781,оо | 46.341.059,25 |
| Услуги | 21.328.914,оо | 25.168.118,оо |
| Работи | 31.374.296,оо | 37.021.669,оо |
| Постапки по проект | 122.584,41 евро м-р В.Златкоски 7.538.941,21 МКД<br><br>1.355.339,оо МКД доц.д-р Фиданка Трајкова | 122.584,41 евро м-р В.Златкоски 7.538.941,21 МКД<br><br>1.599.300,оо МКД доц.д-р Фиданка Трајкова |
| ВКУПНО | 100.775.271,21 МКД | 117.669.087,46 МКД |

## IV. Активности во Одделот за јавни набавки

### IV. 1. Стручно образование и усовршување

Во мај 2014 година раководителот на Одделот за јавни набавки м-р Виолета Шаклева се здоби со академски степен магистер на правни науки од областа на казненото право со одбрана на магистерски труд „Казнено-правни аспекти на јавните набавки во Република Македонија“. Овој труд по редовна процедура е објавен во рамките на електронската библиотека на Универзитетот на следниов линк: https://elib.ugd.edu.mk/detal.php?id=316&ugd=23536944231dbe98a6c0b0f43286a185 .

Во коавторство со проф. д-р Никола Тупанчески, раководителот на Одделот за јавни набавки м-р Виолета Шаклева го објави трудот „Correlation of (non) applicability of the Penal Provisions to the Law on Public Procurement in procedures for Concessions and Public Private Partnership In the Republic of Macedonia - Balkan Social Scence Review“, на следниов линк http://js.ugd.edu.mk/index.php/BSSR/issue/current.

### IV.1. Активности за ресертификација

Во текот на мај 2014 година двајца секретари од Одделот за јавни набавки посетуваа обука за ресертификација и во јуни положија и се здобија со потврди (лиценци) кои им овозможуваат да работат во јавните набавки.

Раководителот на Одделот за јавни набавки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во ноември ќе посетува обука за обучувач за јавните набавки и ќе полага за обучувач со што по трет пат ќе се ресертифицира.

### IV.2. Ажурирање на документација за постапки (хартиена и електронска архива)

Сите класери се означени по години, број на огласи и рок на траење. По извршена самоевалуација за 2014 година класорите ќе бидат сместени во метални шкафови кои ќе се заклучат и клучот ќе биде предаден во сефот.

Сите постапки се внесуваат во електронската архива Docu Share соодветно со потпишување на документација.

### IV. 3. Семинари и стручни усовршувања

- ***Non progredi est regredi – Да не напредуваш значи да одиш наназад***

### IV. 3. 1. Семинари

Во текот на 2014 година согласно со проектот „Семинари за јавните набавки“ се одржаа семинари на следните теми:

| **Датум на одржување на семинарот** | **Тема на семинарот** | **Број на учесници** | **Предавачи** |
|---|---|---|---|
| 16.5.2014 Штип | Примена во пракса –Закон за јавните набавки и Закон за јавно-приватно партнерство | 17 | М-р Виолета Шаклева, раководител на Оддел за јавни набавки на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, сертифициран обучувач за јавни набавки и Снежана Петкоска, раководител на Сектор, Министерство за економија |
| 12.-15.6.2014 Банско-Република Бугарија | Практични прашања во јавните набавки -тридневен семинар | 8 | М-р Виолета Шаклева, раководител на Оддел за јавни набавки на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, сертифициран обучувач за јавни набавки |
| 31.10.2014 Штип | Најнови измени и практична примена на Законот за јавните набавки | 33 | М-р Виолета Шаклева, сертифициран обучувач за јавни набавки и м-р Златко Алексов член на Советот за јавни набавки |

На семинарите учествуваа вкупно **58** претставници на договорни органи и економски оператори од цела Македонија. Изразено е задоволство за организацијата и квалитетот на предавањата, како и потребата од уште поинтензивно организирање на ваков вид семинари.

### IV. 3. 2. Обуки на вработените и други видови на стручно усовршување

Раководителот на Одделот за јавни набавки врши континуирани обуки на вработените во Одделот и тоа:

- Почитување на позитивните законски прописи, Кодексот на Универзитетот и Етичкиот кодекс за службениците задолжени за постапките за доделување на договори за јавни набавки;
- На секретарите за јавни набавки – за правилна примена на правните прописи од оваа област;
- На референтите за јавни набавки – за правилно формирање, водење и чување на досието за секоја јавна набавка во хартиена и во електронска архива.

**IV. 4. Соработка со економските оператори**

Одделот за јавни набавки успешно соработува со економските оператори.

Пред сѐ, Одделот им стои на располагање на економските оператори по однос на одговарање на нивни прашања, упатување за начинот на изготвување на документацијата која е потребна да ја достават.

Оваа соработка се одвива во согласност со принципите на Законот за јавни набавки, Кодексот на однесување на вработените на Универзитетот и Етичкиот кодекс на службениците задолжени за спроведување на јавни набавки.

**IV. 5. Одржување на веб-просторот за јавни набавки**

Раководителот на Одделот за јавни набавки редовно се грижи за одржување и ажурирање на веб-просторот за јавни набавки на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев " – Штип.

Во делот законска регулатива – редовно се врши ажурирање по однос на измени и/или дополнувања на одредени прописи.

Во делот контакти и линкови по потреба се ажурираат податоците.

Брошурата „ЈАВНИ НАБАВКИ " за начинот на користење на овој веб-простор редовно се доставува до понудувачите и другите економски оператори.

**V. Предлози за подобрување на работата на Одделот за јавни набавки**

Во 2014 година има три измени во Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ" бр. 28/2014, 43/2014 и 130/2014). Во собраниска процедура е и четвртата измена. Оваа динамика на материјата за јавни набавки бара континуирано и максимално залагање во извршување на работните обврски, нешто што Одделот за јавни набавки постојано го прави.

Од предлозите за подобрување на работата на Одделот за јавни набавки кои се дадени во Годишниот извештај за работа на Одделот за јавни набавки за 2013 година се прифатени поголемиот дел. Благодарност до ректорот на Универзитетот за прифатените забелешки искажуваат сите вработени во Одделот.

**V.1.** ***Мотивираност***

Од предлозите дадени во минатогодишниот извештај не е прифатен еден многу битен предлог – кој се однесува на мотивираноста. Со цел да не ги повторуваме минатогодишните аргументи за тежината и специфичноста на одговорноста на вработените во оваа област, ќе го потенцираме само следното:

- Спротивно на Законот и на секој општ правен акт е на едно лице во решение или анекс да му стои дека истовремено е и секретар за јавни набавки и раководител на оддел за јавни набавки. Значи ли дека во исто време тоа лице е само на себе раководител?
- Во Правилникот за систематизација на Универзитетот постои

посебно работно место секретар за јавни набавки и посебно работно место раководител за јавни набавки. Како тогаш кога треба да се даде решение или анекс за плата овие две работни места се ставаат во функција на едно лице? Не само што не е логично, туку е и спротивно на Законот;

- За одговорна функција – раководител на оддел за јавни набавки (каде што се вршат набавки за сите факултети, институти, набавки по проекти и др.) плата која е на ниво на секретар за јавни набавки со додаток од 3.000 денари е повеќе од деградирање – ова особено ако се има предвид дека раководителот постојано се усовршува токму во областа на јавните набавки. Колку за споредба, раководителот на Одделение за јавни набавки на Општина Кисела Вода има почетна плата (без стаж и додатоци) во нето износ од 36.000 ден., референти за јавни набавки на факултети во Скопје имаат почетна плата од 32.000 ден. итн.

Со оглед на сето напред наведено, обемноста на работата и зголемената одговорност, прашање кое е од витално значење за работата во Одделот за јавни набавки е да постои соодветна плата за вработените во јавните набавки имајќи ја предвид тежината на работата иако е јасно дека за КАЗНЕНА ОДГОВОРНОСТ – НЕМА ПАРИ СО КОИ МОЖЕ ДА СЕ НАДОМЕСТИ.

**ПРЕДЛОГ**

**1.Измена и дополнување на Правилник за систематизација – со внесување на казнена одговорност и зголемен притисок на работно место.**

**2.Измена и дополнување на Правилник за плати со внесување во табелата на следните посебни работни места:**

– раководител на Оддел за ЈН – зголемување на основна плата од 788**;**
– секретар на Оддел за ЈН - зголемување на основна плата од 788**;**
– референт на Оддел за ЈН - зголемување на основна плата од 788**.**

**За постапки во Одделот за јавни набавки на годишно ниво од вработените во Одделот се изготвуваат над 1.500 акти, а секој од нив има од 1 до максимум 100 страници.**

**Секој од овие акти се потпишува и електронски и во хартиена форма, се става во DocuShare и во ЕСЈН – значи се обработува четири пати.**

**Во овие акти не е вклучена евалуацијата** – преглед на понудите на понудувачите – дали ја доставиле бараната документација и дали е исправна – работа која **во зависност од обемноста на документацијата за еден понудувач** може да одземе од најмалку 1 час до 5 час.

Одделот за јавни набавки и понатаму во своето работење со уште поголема внимателност, согласно со најновите измени и дополнувања на Законот за јавни набавки ќе ги реализира постапките и сите доделени задачи.

**VI.Прилози**

**VI.1.Прилог 1 за отворени постапки и постапки со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас.**

**VI.2. Прилог 2 за постапки со преговарање без објавување на оглас.**

**VI.2. Прилог 3 за постапки со преговарање без објавување на оглас.**

**VI.2. Прилог 4 за постапки по проекти (надвор од ЗЈН).**

# VII. КАБИНЕТОТ НА ПРОРЕКТОРОТ ЗА НАУКА

Извештајот за работата на Кабинетот на проректорот за наука за 2014 година содржи активности реализирани согласно со надлежноста на проректорот за наука и работите и работните задачи на вработените кои биле планирани и дополнителни активности кои произлегоа од актуелните прашања и случувања.

Планираните активности за работа за 2014 год. се реализирани во целост.

Во текот на 2014 година се реализирани и дополнителни активности, согласно со потребите на Универзитетот.

Во спроведувањето на активностите во тековната 2014 година непосредно се соработуваше со единиците на Универзитетот и универзитетските центри.

Во текот на 2014 година, Кабинетот на проректорот за наука работеше со еден проректор за наука, еден секретар за правни прашања и студентски прашања за втор и трет циклус студии каде што се вработени двајца референти за втор циклус студии, еден референт волонтер и еден раководител кој воедно е раководител и на студентски прашања и на првиот циклус студии и еден референт за трет циклус студии.

Во учебната 2013/2014 година се реализирани многубројни активности поврзани со вториот и третиот циклус студии.

Процесирани се:

1. Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на втор циклус студии;
2. Постапки за одбрана на специјалистички и магистерски трудови;
3. Промоција на магистрирани студенти;
4. Реализирање на Конкурс за запишување студенти на втор циклус студии за учебната 2014/2015 година;
5. Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на трет циклус студии;
6. Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите – докторанди;
7. Постапка за одбрана на докторски труд;
8. Административна поддршка на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2
9. Конкурс за запишување на студенти на трет циклус студии - докторски студии за учебната 2014-2015 година;
10. Промоција на доктори на науки;
11. Процесирање на постапките за избор на соработници и наставници на единиците на Универзитетот;
12. Изработка на предлог-акти за потребите на Универзитетот;
13. Постапки за одобрување на стипендии за трет циклус студии – докторски студии на вработени соработници на Универзитетот, од надлежноста на Управниот одбор на Фондот за стипендирање на вработени на УГД;

14. Постапките за одобрување на средства за финансирање на научноистражувачки проекти од Фондот за научноистражувачка работа при УГД;
15. Постапки за доделување на годишни награди на вработените за објавен научен труд или стручен труд во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор;
16. Постапките за одобрување на користење на флексибилно работно време за наставниците на Универзитетот, како и други тековни активности.
17. Постапки за акредитација на ментори на втор циклус студии.

1. **Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на втор циклус студии**

Службата за студенти за втор циклус студии ги опслужува сите единици на Универзитетот.

Референтите за студентски прашања и Кабинетот на проректорот за наука во календарската 2014 година има процесирано околу (700) седумстотини различни барања и молби од студенти на втор циклус студии.

2. **Постапки за одбрана на специјалистички и магистерски трудови**

Процесирањетонајавнитеодбранинаспецијалстичкките/магистерските трудови на студентите на единиците се врши со административна поддршка на комисиите за одбрана од страна на секретарите на единиците или секретарот за правни прашања во кабинетот на проректорот за наука. Во текот на 2014 година процесирани се одбрани на магистерски/специјалистички трудови на сите единици на Универзитетот.

3. **Промоција на магистрираните студенти**

Во рамките на прославата на патрониот ден на Универзитетот беше организирана и процесирана постапка за промоција на магистрираните/специјализираните студенти од сите единици на Универзитетот кои изведуваат втор циклус студии. Промоциите и свеченото доделување на дипломите на магистрираните студенти се одвиваше на единиците.

**4. Реализирање на Конкурс за запишување на студенти на втор циклус студии за учебната 2014/2015 година;**

Во текот на оваа година Универзитетот објави и го реализира Конкурсот за запишување на студенти на втор циклус студии за учебната 2014/2015 година.

Конкурсот беше распишан за сите четиринаесет единици на Универзитетот за повеќе од педесет студиски програми и модули.

**5. Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на трет циклус студии**

Во текот на извештајната година процесирани се сите молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на трет циклус студии.

Студии на трет циклус во учебната 2013-2014 се реализираат на Кампус 2. Во календарската 2014 година се процесирани сите поднесени различни барања и молби од студенти на трет циклус студии.

**6. Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите-докторанди**

Во календарската 2014 година се процесирани сите поднесени барања и молби од студентите-докторанди.

Студенти-докторанди (со пријава на докторат) има само на Факултетот за природни и технички науки.

**7. Постапка за одбрана на докторски труд**

Во состав на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип е и Факултетот за природни и технички науки – факултет кој и претходно имаше постапки за одбрани на докторски дисертации. Во извештајната година беше процесирана одбрана на докторската дисертација на Благица Донева и Ѓорѓи Димов. Истите успешно ја извршија одбраната на докторските трудови и со позитивната оценка на комисиите за одбрана, по јавно спроведената одбрана се стекнаа со звање доктори на технички науки.

**8. Административна поддршка на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2**

Во согласност со надлежноста на овој орган во извештајната година се одржани седници на кои се донесени повеќе одлуки.

Наставно-научниот совет на докторски студии на ниво на Кампус 2 во извештајната година до изготвувањето на овој извештај има одржано четири седници на кои се донесени следните одлуки:

На седмата седница:

1. Конституирање на ННС на докторски студии на Кампус 2;
2. Предлог-одлука за претседател на ННС на Кампус 2;
3. Одлука за утврдување на Предлог-конкурс за запишување на студенти на трет циклус студии за учебната 2014-2015 година;
4. Одлука за формирање на Комисија за подобност на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд за студентката на трет циклус студии м-р Емилија Костадиновска;
5. Одлука за формирање на Комисија за подобност на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд за студентката на трет циклус студии м-р Наталија Маркова Руждиќ;
6. Одлука за формирање на Комисија за подобност на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд за студентот на трет циклус студии м-р Иван Боев;

7. Одлука за формирање на Комисија за подобност на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд за студентот на трет циклус студии м-р Доне Стојанов.

На 8. седница се донесоа следните:

8. Одлука за усвојување на Извештајот од Комисија за подобност на темата, тезите и кандидатката за изработка на докторски труд за студентката на трет циклус студии м-р Наталија Маркова Руждиќ и определување на интерен и екстерен ментор.
9. Одлука за усвојување на Извештајот од Комисија за подобност на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд за студентот на трет циклус студии м-р Доне Стојанов и определување на интерен и екстерен ментор.
10. Одлука за усвојување на Извештајот од Комисија за подобност на темата, тезите и кандидатката за изработка на докторски труд за студентката на трет циклус студии м-р Емилија Костадиновска и определување на интерен и екстерен ментор.
11. Одлука за усвојување на Извештајот од Комисија за подобност на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд за студентот на трет циклус студии м-р Иван Боев и определување на интерен и екстерен ментор.
12. Одлука за формирање на Комисија за подобност на темата, тезите и кандидатката за изработка на докторски труд за студентката на трет циклус студии м-р Билјана Ковачевиќ.
13. Одлука за формирање на Комисија за подобност на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд за студентот на трет циклус студии м-р Шабан Јакупи.
14. Одлука за формирање на Комисија за подобност на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд за студентот на трет циклус студии м-р Васко Златковски.
15. Одлука за формирање на Комисија за подобност на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд за студентот на трет циклус студии м-р Александар Котевски.
16. Одлука за формирање на Комисија за подобност на темата, тезите и кандидатката за изработка на докторски труд за студентката на трет циклус студии м-р Викторија Максимова.

На 9. седница се донесоа следните:

17. Одлука за усвојување на Барање за верификација на студиски престој на студент на докторски студии м-р Ванчо Аџиски.
18. Одлука за усвојување на Извештајот од Комисија за оценка на подобност на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд за студентот на трет циклус студии м-р Александар Котевски и определување на интерен и екстерен ментор.
19. Одлука за усвојување на Извештајот од Комисија за оценка на подобноста на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски

труд за студентката на трет циклус студии м-р Билјана Ковачевиќ и определување на интерен и екстерен ментор.

20. Одлука за усвојување на Извештајот од Комисија за оценка на подобноста на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд за студентот на трет циклус студии м-р Шабан Јакупи и определување на интерен и екстерен ментор.
21. Одлука за усвојување на Барање за замена на наставник на трет циклус студии.
22. Одлука за усвојување на Извештајот од Комисија за подобност на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд за студентот на трет циклус студии м-р Васко Златковски.
23. Одлука за усвојување на Извештајот од Комисија за подобност на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд за студентката на трет циклус студии м-р Викторија Максимова.
24. Донесување Одлука за формирање на Комисија за оценка и одбрана на докторскиот труд од студентот м-р Емилија Костадиновска.

На 10. седница се донесоа:

25. Одлука за усвојување на Извештајот од Комисија за оценка на докторската дисертација под наслов „Флоемски ограничени патогени кај виновата лоза во Република Македонија“ од кандидатката м-р Емилија Костадиновска и определување на датум за јавна одбрана.
26. Одлука за усвојување на Извештајот од Комисија за подобност на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд за студентот на трет циклус студии м-р Васко Златковски.

**9. Конкурс за запишување на студенти на трет циклус студии -докторски студии за учебната 2014-2015 година**

Конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии – докторски студии опфаќа дванаесет студиски програми, а бројот на слободните места за запишување на студенти на трет циклус-докторски студии е определен во согласност со бројот на слободни акредитирани ментори. Овој Конкурс е распишан врз основа на добиените решенија за акредитација на трет циклус студии.

Конкурсот е распишан за следните студиски програми: Биотехнологија, селекција и семепроизводство, Лозарство, Поледелско производство, Компјутерска техника и информатика, Рударство, Применета геологија и геофизика, Наука и технологија за текстил, Преработка и контрола на анимални производи, Фитомедицина, Наука за земјиштето и хидрологија, Машинство и Енологија, за вкупно 120 расположливи места.

**10. Промоција на доктори на науки**

Промоцијата на доктори на науки традиционално е извршена на патрониот ден на Универзитетот. Извршена е промоција на двајца доктори на технички науки д-р Марија Хаџи Николова и д-р Ристо Поповски. Докторатите се одбранети на Факултетот за природни и технички науки.

Докторите на науки свечено се промовирани од страна на ректорот на Универзитетот.

**11. Процесирање на постапките за избор на соработници и наставници на единиците на Универзитетот**

Во текот на 2014 година во процесирани се постапки за избор на наставници и соработници на сите единици на Универзитетот што се однесува на избор на соработници и наставници, реизбор на соработници и наставници.

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, разгледувани се сите досиеја формирани по распишани Конкурси од аспект на правилна примена на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во делот на законито спроведување на постапките за избор на наставници и соработници и објавувањето на рефератите од рецензентските комисии во Универзитетскиот билтен.

**12. Изработка на предлог-акти за потребите на Универзитетот, како и други тековни активности**

Во календарската 2014 година беа изработени и процесирани следните предлог акти:

- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- Пријави за Конкурс запишување на студенти за втор циклус студии за учебната 2014-2015 година;
- Пријави за Конкурс за запишување на студенти на трет циклус-докторски студии во учебата 2014-2015 година;
- Договори за студирање за студентите на втор циклус студии во 2014-2015 година;
- Договори за студирање за студентите на трет циклус-докторски студии во учебната 2014-2015 година;
- Учество во изработката на Студентските информатори за втор циклус студии;
- Изработка на процедури во согласност со потребите за стандардизација на Универзитетот, како и други акти на Универзитетот.

**13. Постапки за одобрување на стипендии за трет циклус студии – докторски студии на вработени соработници на Универзитетот**

Во оваа година, исто така, продолжи стратегијата за стипендирање на вработените соработници – докторанди на нашиот Универзитет, или на друг универзитет во земјава и во странство.

Управниот одбор на фондот за стипендирање ги донесе следните одлуки:

На седницата одржана на 22.9.2014 година:

Усвојување предлог-листа за доделување стипендија за трет циклус студии за поднесената апликација – Земјоделски факултет м-р Емилија Костадиновска.

**14. Постапките за одобрување на средства за финансирање на научноистражувачки проекти**

Во согласност со Правилникот за начинот и условите на користење на средства од фондот за научно истражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во 2014 година се реализира е Конкурс за распределба на парични средства за финансирање на научноистражувачки проекти за 2014 година.

**15. Постапки за доделување на годишни награди на вработените за објавен научен труд или стручен труд во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор**

Врз основа на одредбите од Правилникот за доделување на годишни награди на вработените за објавен научен или стручен труд во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во согласност со политиката на Универзитетот да се подигне нивото на научноистражувачката активност се доделуваат награди на вработените за објавен научен труд или стручен труд објавен во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор. За сите објавени трудови кои ги исполнуваат условите од Правилникот, Универзитет изврши исплата на предвидените награди.

**16. Постапките за одобрување на користење на флексибилно работно време за наставниците на Универзитетот**

Во рамките на другите активности спроведена е и постапката за обезбедување на податоци за конкретните активности за самоконтрола за реализацијата на педагошките активности на наставниците преку принципот на флексибилно работно време кое се евидентира преку електронскиот систем користење.

**ЗАКЛУЧОЦИ**

Правејќи споредба на податоците за работењето во извештајната година и претходните години, може да се заклучи дека е обезбеден висок степен на стручност, ажурност и квалитет во постапувањето при извршувањето на задачите и обврските на вработените во овој оддел.

Во процесот на имплементација на стандардите согласно со Системот за менаџмент со квалитетот на Универзитет, вработените се придржуваа кон востановените процедури и ги користеа стандардизираните обрасци.

Обемот на обврските и работните задачи на вработените во споредба со минатата година е значително зголемен, но сепак е задржано високо ниво на квалитет и квантитет во извршувањето на работните задачи.

Разгледувајќи ги сите активности кои се преземани може да се заклучи дека успешно се завршени сите обврски, а задачите се исполнувани, квалитетно и навремено.

Во наредниот период треба да се идентификуваат евентуални слабости и недоследности при извршувањето на функциите со континуирано следење на работењето на сите извршители и решавање на евентуалните поплаки и забелешки од студентите или наставниците ангажирани на вториот и третиот циклус студии.

## VIII. КАБИНЕТОТ НА ПРОРЕКТОР ЗА РАЗВОЈ, ИНВЕСТИЦИИ И ОДРЖУВАЊЕ

СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА

I. РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛОТ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И БУЏЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП ЗА 2014 ГОДИНА
II. РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛОТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП ЗА 2014 ГОДИНА
III. ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛОТ ЗА ЕКОНОМАТ И ВОЗАЧИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП ЗА 2014 ГОДИНА

Кабинетот на проректорот за развој, инвестиции и одржување, според Систематизацијата, функционира со вкупно 25 лица кои се вработени во следниве оддели, на следниве работни места:

| **КАБИНЕТ НА ПРОРЕКТОР ЗА РАЗВОЈ, ИНВЕСТИЦИИ И ОДРЖУВАЊЕ** | | |
|---|---|---|
| **Назив на Оддел** | **Назив на работно место** | **Број на вработени** |
| **Кабинет на проректор за РИО** | проректор за РИО | **1** |
| | секретар за правни работи во Кабинет на проректор за РИО | **0** |
| | референт во Кабинет на проректор за РИО | **0** |
| **Оддел за одржување и развој** | раководител на Оддел за одржување и развој | **0** |
| | референт во Оддел за одржување и развој | **0** |
| | архитект | **1** |
| | електроинженер | **1** |
| | машински инженер | **0** |
| | електромашински одржувач | **1** |
| | молер | **0** |
| | градинар | **1** |
| | парноложач | **1** |

| | | |
|---|---|---|
| **Оддел за планирање и буџет** | референт во Оддел за планирање и буџет | **2** |
| | помлад референт во Оддел за планирање и буџет | **0** |
| **Оддел за економат и возачи** | економ на Универзитет | **1** |
| | економ на наставен центар | **1** |
| | економ на факултет | **10** |
| | возач-курир на ректор | **1** |
| | возач-курир | **4** |
| **ВКУПНО:** | | **25** |

## I. РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛОТ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И БУЏЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП ЗА 2014 ГОДИНА

Основната цел и задача на Одделот за планирање и буџет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е зголемување на квалитетот на јавните набавки за потребите на Универзитетот преку планирање, истражување, следење и анализа на истите и зголемување на ефикасноста во работењето на одделите, единиците и центрите во рамките на Универзитетот обезбедувајќи точни и навремени информации.

Својата основна функција Одделот за планирање и буџет, во текот на учебната 2013/2014 и календарската 2014 година, како и почетокот на учебната 2014/2015 година ја вршеше преку бројни активности кои вклучуваат:

1. Анализи, истражувања, проценки, планирање и контрола на јавните набавки за потребите на Универзитетот;
2. Следење на правилното користење на процедурите и на обрасците од Одделот за планирање и буџет и од Кабинетот на проректорот за развој, инвестиции и одржување;
3. Следење на потрошувачката на гориво кај возилата и процесирање на барањата за сервисирање на возила, трошоците за сервисирање на возилата и водење на евиденција за тоа, како и подготвување на извештаи за состојбите со возилата;
4. Подготвување на извештаи и анализа за минатите и тековните состојби на објектите на Универзитетот изразени преку трошоците одвоени за одржување, потрошувачка на струја, вода и сл.;
5. Други задачи и задолженија кои се доверени од страна на ректорот и проректорот за развој, инвестиции и одржување.

Функцијата на Одделот за планирање и буџет се презентира со аналитичка оценка за сите видови активности и секако со заклучни согледувања.

За реализирање на активностите на Одделот се ангажирани: проректорот за развој, инвестиции и одржување и двајца референти во одделот за планирање и буџет.

1. **Анализи, истражувања, проценки, планирање и контрола на јавните набавки за потребите на Универзитетот**

Работните активности во Одделот за планирање и буџет ги извршуваат двајца референти за планирање и буџет, а истите се состојат во подготовка на историски прегледи на цените за одделни набавки, истражување на пазарот кое е опфатено со Законот за јавни набавки како задолжителен процес на тендерските постапки, изготвување на извештаи за анализа на пазарот, изготвување на барања, известувања и покани до економските оператори за учество во јавните набавки, анализа на моменталната состојба на цените на пазарот, утврдување на проценета вредност на јавните набавки, точност во пресметката на финансиските понуди како и следење и контрола на извршувањето на јавната набавка. Одделот за планирање и буџет, исто така, е задолжен и за изготвување на сублимиран план за набавки кој се базира на податоците кои ги даваат единиците и центрите на Универзитетот. Овај план понатаму се искористува за подготвување на Планот за јавни набавки и динамиката според кои би се реализирале набавките. Во текот на годината се врши ревидирање на планот и Одделот поднесува соодветни извештаи.

Одделот за планирање и буџет во текот на 2014 година има процесирано околу 50 јавни набавки.

2. **Следење на правилното користење на процедурите и на обрасците од Одделот за планирање и буџет и од Кабинетот на проректорот за развој, инвестиции и одржување**

Со воведувањето на ИСО стандардите во работењето на Универзитетот, користењето на соодветните процедури и обрасци е задолжително. Една од задачите, не само на Одделот за планирање и буџет, туку и на сите кои се опфатени во работењето на овој оддел, е почитување и придржување на воведените стандарди. Одделот за планирање и буџет се грижи соодветно да се применуваат обрасците и процедурите кои се однесуваат на влез и излез на документите од одделот и тоа успешно го спроведува во пракса во текот на целата 2014 година. Тука спаѓаат следниве обрасци: ОБ.08.03 Листа на подобни добавувачи на УГД, ОБ.08.04 Барање за јавна набавка, ОБ.08.05 Барање за донесување на одлука за започнување на постапка за јавна набавка, ОБ.08.06 Планирање на набавка на Ректорат и центри на УГД, ОБ.08.07 Планирање на набавка на Ректорат и единици на УГД, ОБ.08.08 Обработка на податоците за потреби од набавки по вид, за календарска ____ година, по квартали, ОБ.08.09 Ревидирање на годишен план за набавки на стоки, ОБ.08.10 Ревидирање на годишен план за набавки на услуги, ОБ.08.11 Ревидирање на годишен план за набавки на работи, ОБ.08.30 Барање за сервис на возило, ОБ.08.34 Испитување на пазарни цени, ОБ.08.35 Листа со оценка на добавувачи на стоки, ОБ.08.36 Листа со оценка на добавувачи на услуги, ОБ.08.37 Листа со оценка на добавувачи на работи, ОБ.08.38 Извештај од евалуација на добавувач на стоки, ОБ.08.39 Извештај од евалуација на добавувач на услуги, ОБ.08.40 Извештај од евалуација на добавувач на работи.

Одделот за планирање и буџет има процесирано околу 20 ОБ.08.04 Барање за јавна набавка, ОБ.08.05 Барање за донесување на одлука за започнување на постапка за јавна набавка; околу 50 ОБ.08.30 Барање за сервис на возило; околу 30 ОБ.08.34 Испитување на пазарни цени. Останатите обрасци се пополнуваат (според потребата) еднаш до двапати во годината.

3. **Следење на потрошувачката на гориво кај возилата и процесирање на барањата за сервисирање на возила, трошоците за сервисирање на возилата и водење на евиденција за тоа, како и подготвување на извештаи за состојбите со возилата**

Одделот за планирање и буџет е задолжен да ги евидентира трошоците, на пример, кај возилата се евидентираат потрошувачката на гориво и трошокот за сервисирање и тие служат како показател за состојбата на возилата, нивната амортизација, подготвеноста да одговорат на обемот на работа и во исто време да укажат на потребата од планирање и спроведување на нова набавка на возила и опрема за возилата.

Одделот за планирање и буџет во текот на 2014 година има процесирано околу 50 барања за сервисирање на возилата.

4. **Подготвување на извештаи и анализа за минатите и тековните состојби на објектите на Универзитетот изразени преку трошоците одвоени за одржување, потрошувачка на струја, вода и сл.**

Одделот за планирање и буџет е задолжен да ги евидентира и трошоците за комуналии и за одржување на објектите кои служат како показател за состојбата на објектите, динамиката на објектите, подготвеноста да одговорат на обемот на работа и висината на задачата. Анализите и извештаите кои ги изготвува Одделот во однос на одржувањето на објектите и трошоците за комуналии се во служба континуирано да даваат насоки за преземање на одредени активности.

Одделот за планирање и буџет ги евидентира трошоците на месечно ниво.

5. **Други задачи и задолженија кои се доверени од страна на ректорот и проректорот за развој, инвестиции и одржување**

Одделот за планирање и буџет е задолжен од ректорот да ги сервисира барањата за набавка на услуги од мобилната телефонија од вработените на Универзитетот и референтот во овој Оддел е овластено лице за директен контакт со договорениот економски оператор.

Ова задолжение Одделот за планирање и буџет го спроведува успешно и навремено.

За потребите на Кабинетот на проректорот за РИО се води записничка евиденција од одржаните состаноци, се врши требување на канцелариски и друг материјал и друго.

**ЗАКЛУЧОЦИ**

Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип своето успешно работење го потврдува со тоа што од година во година сѐ повеќе се зголемува бројот на студенти кои се запишуваат на факултетите во рамките на Универзитетот. Зголемената динамика и потребата од зголемување на капацитетот и обезбедување на квалитетни производи и услуги за непречено работење на Универзитетот го нагласуваат значењето од постоење на оддел кој ќе обезбеди соодветни информации преку планирањето, проценката, контролата и следењето на јавните набавки и ќе ги заокружи сите овие процеси. Затоа, треба да се нагласи високиот степен на стручност, ангажираност и квалитет на вработените во овој оддел при извршувањето на задачите и обврските.

Обемот на обврските и работните задачи на вработените во овој оддел во календарската 2014 година е значително зголемен, но и покрај тоа одделот успеал истите успешно, квалитетно и навремено да ги изврши.

Она што треба да се направи во наредниот период е да се откријат евентуалните слабости и недоследности во Одделот при извршувањето на задачите и обврските и истите да се надминат преку континуирано следење на работењето на вработените и преку навремено решавање на утврдените проблеми.

## II. РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛОТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП ЗА 2014 ГОДИНА

Својата основна функција Одделот за одржување и развој, во текот на учебната 2013/2014 и календарската 2014 година, како и почетокот на учебната 2014/2015 година, успешно ја вршеше преку бројни активности и задачи кои се опишани во Систематизацијата, а кои резултираа во реализирање на следниве договори:

- **ДВОРНО УРЕДУВАЊЕ НА РЕКТОРАТОТ ВО НОВО СЕЛО - ДОГ.БР.0203-649/1-35 ОД 13.8.2013 БЕТОН СКОПЈЕ;**
- **НАБАВКА НА ДОПОЛНИТЕЛНИ РАБОТИ КОИ НЕ СЕ ВКЛУЧЕНИ ВО ОСНОВНИОТ ДОГОВОР БР.0203-649/1-35 ОД 13.8.2013 НАБАВКА –ДВОРНО УРЕДУВАЊЕ НА РЕКТОРАТ ВО НОВО СЕЛО ДОГ. НАШ БР.0203-649/1-22 ОД 7.4. 2014 БЕТОН СКОПЈЕ;**
- **ТЕНДЕР 07/2013-НАСТРЕШНИЦИ И ЛИМАРСКИ РАБОТИ ВО КАМПУС 2 ДОГ.НАШ.БР.0203-316/1-38 ОД 28.06.2013 БАУ ИНЖЕНЕРИНГ;**
- **ТЕНДЕР 40/2013-НАБАВКА НА ЗАВРШНИ РАБОТИ ЗА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ - ДОГ.НАШ.БР.0203-781/1-35 ОД 27.9.2013 ИНЖЕНЕРИНГ ТЕРАКОТА-ПРИЛЕП;**
- **ТЕНДЕР 40/2013-НАБАВКА НА ЗАВРШНИ РАБОТИ ЗА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ- ДОГ.НАШ.БР.0203-781/1-35 ОД 27.9.2013 ИНЖЕНЕРИНГ ТЕРАКОТА-ПРИЛЕП - АНЕКС ДОГОВОР БР.0506-612 ОД 24.9.2014;**

- **ТЕНДЕР 08/2014-САНАЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА ПРЕДАВАЛНИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ОБЈЕКТ - ГЕВГЕЛИЈА-ДОГ. НАШ.БР.0203-135/1-39 ОД 10.4.2014 ИНЖЕНЕРИНГ ТЕРАКОТА- ПРИЛЕП;**
- **ТЕНДЕР 08/2014-САНАЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА ОБЈЕКТ КАМПУС 4 -ДОГ. НАШ.БР.0203-119/1-38 ОД 14.04.2014 ИНЖЕНЕРИНГ ТЕРАКОТА- ПРИЛЕП;**
- **ТЕНДЕР 08/2014-ФАСАДНО УРЕДУВАЊЕ НА ОБЈЕКТ КАМПУС 2 -ДОГ. НАШ.БР.0203-121/1-40 ОД 14.4.2014 ИНЖЕНЕРИНГ ТЕРАКОТА- ПРИЛЕП;**
- **ТЕНДЕР 08/2014-САНАЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА ОБЈЕКТ ВО СКОПЈЕ ДОГ. НАШ.БР.0203-115/1-35 ОД 14.4.2014 ИНЖЕНЕРИНГ ТЕРАКОТА- ПРИЛЕП;**
- **ТЕНДЕР 08/2014-ИЗГРАДБА НА ОТВОРЕНО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ШТИП ДОГ. НАШ.БР.0203-117/1-43 ОД 14.4.2014 БАУЕР БГ-СКОПЈЕ;**
- **ТЕНДЕР 08/2014-ОГРАДУВАЊЕ НА ОБЈЕКТ ВО АМЗИБЕГОВО И АСФАЛТИРАЊЕ НА ДВОРНИ ПОВРШИНИ ДОГ. НАШ.БР.0203-137/1-41 ОД 8.4.2014 ПРОМОНТИНГ – СКОПЈЕ;**
- **ТЕНДЕР 09/2013-ИЗРАБОТКА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА СТУДЕНСТКИ ДОМ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ - ДОГ. НАШ.БР.0203-382/1-47 ОД 4.7.2013 АСТРЕКС СКОПЈЕ;**
- **НАДЗОРНА ИЗВЕДБА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ -ДОГ. НАШ.БР.0203-1183/1-24 ОД 12.3.2013 ГЕИНГ КРЕБС УНД КИФЕР ИНТЕРНЕШНЛ И ДР. - СКОПЈЕ;**
- **ТЕНДЕР 22/2014 - НАДЗОР НА ИЗВЕДБА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ -ДОГ. НАШ.БР.0203-364/1-45 ОД 3.6.2014 ГЕИНГ КРЕБС УНД КИФЕР ИНТЕРНЕШНЛ И ДР. - СКОПЈЕ;**

**ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ СО СОПСТВЕНИ РЕСУРСИ**

- **Изработка на нова водоводна линија на објект во Плачковица.**
- **Изработка на нова водоводна линија на објект во Кочани.**
- **Молерисување на објекти на Универзитетот (Кампус 2, Кампус 4 ,Факултет за образовни науки, Медицински факултет (оранечно Текстилно училиште), Економски факултет, Универзитетска спортска сала).**

**ИЗРАБОТКА НА ПРЕДМЕР-ПРЕСМЕТКА (ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ) ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА НОВИ ТЕНДЕРИ**

- Санација и адаптација објект Кежовица.
- Санација и адаптација објект Плачковица.
- Санација и адаптација објект Завод за вработување (канцеларии).
- Фасадно уредување со метални жалузини објекти на УГД.
- Изработка на проектна програма за изработка на проект за Универзитетска библиотека.

**ЛЕГАЛИЗАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ**

- Објект во Ново Село.
- Објект стар Ректорат (ресторан).
- Факултет за музичка уметност.
- Предавални Кампус 2 (Завод за вработување).
- Предавални Кампус 2 (2 кат).
- Конгресна сала на објект во Плачковица.
- Објект во Амзибегово, Св.Николе
- Објект Економски факултет – Штип.

За реализирање на активностите на Одделот за одржување и развој се ангажирани: проректорот за развој, инвестиции и одржување, еден архитект, еден електроинженер, еден електромашински одржувач, еден градинар и еден парноложач.

## III. ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛОТ ЗА ЕКОНОМАТ И ВОЗАЧИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП ЗА 2014 ГОДИНА

За реализирање на активностите на Одделот за економат и возачи се ангажирани: проректорот за развој, инвестиции и одржување, еден економ на Универзитет, вкупно единаесет економи на наставни центри и факултети, еден возач-курир на ректор и четворица возачи.

Својата основна функција Одделот за економат и возачи, во текот на учебната 2013/2014 и календарската 2014 година, како и почетокот на учебната 2014/2015 година, успешно ја вршеше преку бројни активности и задачи кои се опишани во систематизацијата, а се со цел навремено, уредно и квалитетно задоволување на потребите на Универзитетот во целина.

## IX. КАБИНЕТ НА ПРОРЕКТОР ЗА НАСТАВА

**Согласно со обврските предвидени со актите на Универзитетот, во периодот јануари – декември 2014 година активности се реализирани на следниов начин:**

1. **Активности врзани за реализација на наставата на студентите на прв циклус студии**:

- Изработка на предлог-конкурс за запишување студенти на прв циклус студии;
- Објавување на Конкурс за запишување на студенти;
- Прием и запишување на студенти на прв циклус студии реализиран во три уписни рока;
- Издавање на информатори за студентите запишани во учебната 2014/2015 година;
- Реализација на студентски календар за испитни сесии и студентски и наставни активности за календарската 2015 година;
- Изработка на електронски распоред согласно со расположливите условни капацитети во Штип, како и во сите наставни центри каде што наставата се одвива редовно;
- Изработка на план за реализација на задолжителна пракса на студентите од сите години од сите студиски програми,
- Е-индекс – сите активности на студентите врзани за нивните обврски за време на студирањето, пријавување на испити, заверување и запишување на семестар и друго се одвиваат по електронски пат, вклучително и е-плаќањето кое има многу висока стапка на искористеност;
- Реализацијата на електронско следење и одвивање на наставата преку потпишување на редовност на настава од страна на наставниците, електронско генерирање на извештаи по завршена сесија и во фаза на имплементација е и воведување на електронско потпишување на пријави;
- Завршена е акредитација на студиските програми на Филмската академија за прв и втор циклус студии согласно со програмата на Владата и Конкурсот објавен во учебната 20124/2015 година, како и студиската програма на англиски јазик за втор циклус;
- Направена е акредитација на студиската програма Општа медицина на англиски јазик на Факултетот за медицински науки;
- Објавување на студиски програми за учебната 2014/2015 година на македонски и на англиски јазик на веб-страницата на Универзитетот;
- Објавување на предметни програми на македонски и на англиски јазик на веб-страницата на Универзитетот;
- Сите активности за запишување на студентите се завршени до 15 септември 2014 година, вклучително и апликациите на странските студенти кои се пријавени за следење на наставата на Универзитетот „Гоце Делчев“;

– За странските студенти кои се пријавиле да студираат на македонски јазик е организирана настава по македонски јазик (степен А1 и А2), односно полагање соодветен испит за полагање.

2. **Активности реализирани преку состаноци со продеканите на единиците на Универзитетот за решавање на актуелните проблеми и новини врзани за наставата од прв циклус.**

– Следење на редовност во реализација на предметните програми од страна на наставниците и соработниците;
– Проверка на состојбата со договорите за ангажирање на наставници и потребни согласности на секој од факултетите;
– Преглед на состојбата со ажурирањето на испитните пријави;
– Завршни активности и предавање на матичните книги за запишани студенти во прв циклус студии;
– Забрзување на процедурите за преглед на студентски досиеја;
– Навремена изработка на додатоците на диплома кои кореспондираат со генерациите на кои им се издава диплома;
– Навремено доставување на списоци на завршени студенти за издавање на дипломи и додатоци на дипломи;
– Реализација на клиничка настава согласно со предметните програми;
– Иницирање на потпишување на договори за соработка со институции од стопанството за прием на студенти за пракса;
– Иницирање на потпишување на договори за соработка со други високообразовни институции од други држави за олеснување на проектите за размена на студенти и вработени (Еразмус и слично).

3. **Покриеноста на настава за прв циклус студии** се врши согласно со доставените одлуки од наставно-научните совети на факултетите и во соработка со правникот за прв циклус на студии истата се проверува дали соодветствува со барањата на Законот за високо образование.

Секој наставник треба да има најмногу 4 предмети и 8 часа настава по семестар, а секој соработник најмалку 16 часа практична настава.

По проверката истите се доставуваат за изработка на електронски распоред.

4. **Ангажираност на наставници за прв циклус студии**

– Ангажираноста и покриеноста на наставата со наставници вработени на УГД се врши согласно со одлуките на ННС од факултетите и правникот за прв циклус студии изработува решенија. Наставниците вработени на УГД можат да изведуваат настава на матичните и на други/сродни факултети.
– Покриеноста на наставата со ангажираност на наставници од други универзитети се врши по барање на ННС од факултетите и доставување на согласниот од институцијата од каде што доаѓа. По проверката на документите се изработува договор за ангажираност и предлог-решение до ректорот.

– Истата постапка се води и за ангажираност на соработници и стручњаци од практика од други институции и за сите области за кои има потреба.

Најголем број на ангажираност на наставници, соработници и стручњаци од практиката има на ФМН, поради спецификите на студиските програми, нивната поврзаност со клиниките и институциите од јавното и приватното здравство и потребата истата да се реализира на соодветно место.

5. **Реализација на европската програма за мобилност - Еразмус програма јануари-октомври 2014 г.** за првпат е воведена на Универзитетот во учебната 2012/2013 година со реализација на сите подготовки во претходната година.

Во тој период се потпишани договори со голем број универзитети и нивните Еразмус канцеларии. Континуитетот на испраќање студенти и наставници продолжува. Во 2014 година на Универзитетот е доделена и програмата Еразмус плус која овозможува и размена во текот на целата година со посебен акцент на делот на реализација на пракса во странски институции. Од оваа година започнуваат и активностите за примање на студенти од други европски универзитети на УГД.

6. **Активности врзани со Универзитетски спортски центар** (има посебен и целосен и детален извештај за Универзитетски спортски центар)

Овие активности се поврзани со:

– Кошаркарскиот клуб првпат е член на првата лига на Република Македонија и се направени сите технички и други активности согласно со пропозициите за натпреварување во првата лига;
– Организација и реализација на задолжителната настава по предметот Спорт и рекреација за студентите од прва година на сите факултети, нејзината посетеност и проблеми кои се јавија;
– Реализација на слободни активности на студенти од сите години на сите факултети;
– Организација на универзитетска баскет лига;
– Организација на универзитетска лига во одбојка;
– Учество на женска и машка екипа на Европското спортско првенство на одбојка на плажа во Бугарија;
– Учество на студенти со универзитетски клубови во активностите на Универзитетската спортска федерација и државните универзитетски лиги каде што членува Универзитетот „Гоце Делчев“;
– Реализација на спортски активности на вработени на УГД;
– Креирање на веб-страница на Универзитетски спортски центар, медиумски активности поврзани со работата на УСЦ;
– Реализација на пилот-истражување за потребите на наставата по спорт и рекреација (спроведување на Анкетен прашалник на крај од секој семестар за утврдување на фитнес нивото и фитнес статусот на студентите);

– Активности на спортските клубови на УГД - кошарка, одбојка, пинг-понг и карате во соодветните лиги, нивно опремување со спортски реквизити, превоз и сè што е потребно за нормално учество во натпреварите, редовни лекарски систематски прегледи, осигурување и членарини;
– Одржани се состаноци со претседателот на Агенцијата за млади и спорт за зголемување на соработката, како и покренување на иницијатива дел од планираните објекти кои се планирани за изградба, а се во надлежниот на агенцијата да бидат лоцирани на УГД;
– Иницирана е соработка за вклучување на УГД во Светската асоцијација за истражувања на полето на спортот преку проекти во 2015 година.

7. **Континуираност на активностите на Универзитетски хор** во соработка со маестро проф. Томислав Шопов - ФМУ како носители на активности дел од праксата и кај студентите од другите факултети кои со своите гласовни можности можат да дадат придонес.
8. **Континуитет во работењето на оперското студио** во Македонската опера и балет за студентите по соло-пеење кое се реализира преку активностите на професорите од ФМУ.
9. **Соработка и средби со претставници од Студентскиот парламент** која се интензивира како резултат на реалната потреба за усогласување на дел на активностите, посебно врзани за:

– спортот и организација на универзитетски/меѓууниверзитетски/меѓународни турнири;
– учество на студенти на национални/меѓународни конгреси и манифестации и нивно претставување со стручни/научни трудови;
– реализација на редовната настава/пракса.

10. **Реализација на втор Конкурс на здравствени специјалистички студии на Факултетот за медицински науки**

Согласно со Правилникот за реализација на здравствени специјализации издаден од Министерството за здравство на РМ и потребите на здравствениот систем (јавен и приватен) во учебната 2013-2014 година е распишан вториот Конкурс на Факултетот за медицински науки при УГД на кој се доделени специјализации од општа медицина, фармација и стоматологија.

Како резултат на ова Одлука е направена:

– реализација на задолжителната теоретска настава за сите специјализанти;
– следени се активностите на специјализантите, менторите, едукаторите преку редовни извештаи и состаноци;
– во континуитет се одржувани средби со директорите од поголемите општи и специјални болници од Република Македонија, според потпишаните договори за соработка и иницирање нивна вклученост во процесите на едукација на специјализантите согласно со нивните можности и капацитети (број на едукатори);

– Направена е предлог-програма за вклучување на доктори специјалисти од САД, во склоп на соработката со Министерството за здравство за нивно вклучување како едукатори за реализација на клиничките специјализации.

11. **Континуитет во соработка со Британскиот културен центар** и реализација на првите испити на препознатливост на англиски јазик на УГД преку вработените на Филолошки факултет и потпишан договор за соработка.
12. Во **соработка со Меѓународната агенција за атомска енергија** е продолжена иницијативата за е-соработка на програма (мастер – двогодишна и стручна едногодишна) по радиофармација во соработка со универзитетите од Гронингем, Ферара и Гент и предложени студенти-стипендисти за учебната 2014-2015 година. Предлог-проектот за е-учење преку наставниците на ФМУ и Факултетот по информатика со цел да се искористи платформата и искуството за е-учење и УГД биде носител на овие активности е во фаза на подготовка и се чека негова реализација во наредните месеци.
13. Реализација на проектот за отворање на нуклеарна медицина во Штип за покривање на потребите во источниот дел на земјата во соработка со Министерството за здравство и МААЕ.
14. Учество во имплементацијата на проектот за позитронска емисиона томографија (ПЕТ) во Република Македонија, чија реализација во 2014 година е во тесна соработка со УГД преку новоформираниот центар во склоп на ФМН.

Б. Останатите активности се составен дел обврските како наставник:
– реализација на настава на ФМУ;
– активности врзани за Факултетот за медицински науки – раководител на студиска програма Фармација;
– научноистражувачки активности врзани за Лабораторијата за радиофармација и Катедрата по фармацевтски науки.

# X. ЦЕНТАР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

**Вовед**

Центарот за односи со јавноста (ЦОЈ), како единица на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, е формиран со донесувањето на Одлука на Собранието на Република Македонија за давање согласност на Статутот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип на седницата одржана на 27 април 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/2008 и 103/2008).

Пред формирањето на Центарот, функционираше Канцеларија за односи со јавноста со Оддел за издавачка дејност, во чијшто состав беше пододделот за уредување на веб-страницата на Универзитетот. Овде работеа четири лица, кои беа задолжени со низа активности за остварувањето на дејноста, улогата и задачите на Универзитетот и на единиците.

Канцеларијата воспоставуваше комуникации со пошироката јавност во земјава и со одделни субјекти поврзани со Универзитетот во странство. Канцеларијата за односи со јавноста редовно ја информираше јавноста и осмислено ги презентираше информациите и содржините за работата на структурите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Канцеларијата организираше: прес-конференции, трибини, свечености, доделување на признанија, патронен ден на Универзитетот, почеток на нова студиска година, доделување на дипломи и други активности за промоција на Универзитетот.

Од септември 2007 година до крајот на ноември 2007 година Одделот за издавачка дејност беше сместен во просториите на поранешниот Работнички универзитет (денес Факултет за општествени науки).

Од декември 2007 година до септември 2009 година Одделот работеше во просториите на Ректоратот на Универзитетот (ул. „Крсте Мисирков“ бб - Штип).

Од почетокот на октомври 2009 година Одделот е дислоциран во Кампус 1, односно на првиот кат од новите, модерно просторно и технички уредени простории на Центарот за односи со јавноста (ул. „Генерал Михајло Апостолски“ бб - Штип).

Во периодот од септември 2008 година започна изградбата на Центарот за односи со јавноста, кој е со површина од 332 м$^2$. Одделот за издавачка дејност е со површина од 98 м$^2$, Одделот за радио и ТВ заедно со Одделот за реклама и пропаганда (Оддел за маркетинг и протокол) се на површина од 205 м$^2$. Центарот за односи со јавноста како единица на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип активно и постојано учествува и придонесува за остварувањето на дејноста, улогата и задачите на Универзитетот и на единиците.

Центарот активно учествува во работата на органите, работните тела на Универзитетот и на единиците.

Центарот реализира акти, одлуки и задачи на органите на Универзитетот и на единиците и го почитува дигнитетот и достојно го употребува името и обележјата на Универзитетот.

Во јуни 2011 година, според новата систематизација на Универзитетот „Гоце Делчев“, беа донесени неколку промени во структурата на одделите кои функционираат во Центарот за односи со јавноста. Според новата систематизација, Одделот за радио и ТВ се состои од Одделение за техника и Одделение за редакција. Промени беа донесени и во Одделот за реклама и пропаганда, кој се реименуваше во Оддел за маркетинг и протокол и се состои од две одделенија – Одделение за маркетинг и Одделение за протокол.

**Структура**

**2.1. Раководител**

Според Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места на Универзитетот („Универзитетски гласник“ бр.10, јули 2009 г.), од страна на ректорот на Универзитетот проф. д-р Саша Митрев во јули 2009 година за раководител на Центарот за односи со јавноста е назначен доц. д-р Кирил Барбареев. Во јуни 2012 година за раководител на Центарот за односи со јавноста е назначена Марија Манева. Во јуни 2014 година за раководител на Центарот за односи со јавноста е назначен Славе Димитров.

**2.2. Вработени**

1. Славе Димитров
   раководител и референт во Оддел за издавачка дејност
2. Благој Михов
   референт во Оддел за издавачка дејност
3. М-р Јордан Ефремов
   референт во Оддел за издавачка дејност
4. Кристина Богатинова
   веб-администратор
5. Игор Ампов
   веб-администратор
6. Даница Гавриловска – Атанасовска
   лектор по македонски јазик
7. М-р Игор Стојанов
   главен и одговорен уредник на редакција во Оддел за радио и ТВ
8. Тони Михаилов
   новинар во Оддел за радио и ТВ
9. Влатко Миленкоски
   главен и одговорен технички уредник во Оддел за радио и ТВ
10. Александар Максимов
    референт во Оддел за ТВ
11. Марија Манева
    референт во Оддел за маркетинг и протокол

**3. Оддели во состав на Центарот**

Во состав на Центарот за односи со јавноста се три оддели:

– Оддел за издавачка дејност;
– Оддел за маркетинг и протокол;
– Оддел за радио и ТВ.

**3.1. Оддел за издавачка дејност**

Универзитетот „Гоце Делчев“ својата издавачка дејност ја остварува преку издавање на учебници, учебни помагала, монографии, студии, списанија, годишници, зборници, преводи на странски изданија, информативен и пропаганден материјал, брошури, летоци и друга литература.

Првата обука на тема: ***„Ефективно користење на платформата за е-учење во наставниот процес и запознавање со новитетите во Moodle 2.6“***, се одржаа во периодот од 3.2. до 7.2.2014 година во 5 групи до траење од три часа. На обуката се обработија различни теми и присуствуваа вкупно 13 лица.

Втората обука се организираше на темата: ***„Електронско тестирање – креирање на електронски курсеви со помош на платформата за е-учење Moodle“*** и се одржа во периодот од 26.5. до 29.5.2014 г. Обуката се изведе во 4 групи со 3 часа и на истите присуствува вкупно 37 лица.

Значајно е да се одбележи и дека Центарот за електронско учење во 2014 година започна и со спроведување на проектот за **„Електронско тестирање за универзитетските изборни предмети“** со кој е предвидено тестирањето за 24 предмети да се одвива електронски преку системот за е учење. Во контекст на овој проект, беше спроведена и горенаведената обука, изработено е и упатство за креирање на електронски тестови, додека вработените во Центарот секојдневно овозможуваат поддршка и помош на наставничкиот кадар за внесувања на прашањата за тестирање во системот.

Исто така, во септември и октомври се тестираше нов модул во рамки на системот за е-учење кој ќе овозможи изведување на настава по пат на електронски предавања со видеоконференција, пренос на звук и презентација на материјали и слајдови. Инсталацијата на овој систем, во соработка со ИТ, Центарот е во тек и се очекува да биде функционален

до крајот на годината откако ќе бидат извршени последните завршни тестирања на овој модул.

3. **Извештај за реализираните проверки на системот за е - учење**

Од септември 2013 година покрај извештаите за тековните активности на Центарот за електронско учење се изработуваат и извештаи за реализирани проверки на системот за е - учење.

Во периодот од ноември 2013 година до ноември 2014 година беа реализирани следниве софтверските проверки:

– проверка на функционалноста на базата;
– следење на статистиката;
– извршена проверка и адаптирање на Crone;
– проверка на безбедносната конфигурација;
– проверка на политиката за најавување;
– проверки дали има нова верзија (надградба е извршена 8 пати);
– уредување и одржување на Moodle2 платформата;
– ажурирање на Moodle2 платформата;
– решавање на проблеми со кориснички профили;
– уредување на кориснички профили;
– ажурирање на курсеви на Moodle 2 платформата;
– помош при креирање на курсеви;
– бришење на неактивни курсеви;
– превод и ажурирање на терминологија на македонски јазик.

4. **Систем за управување со учењето (Learning management System –Moodle)**

Центарот за електронско учење за потребите на наставниците, соработниците и студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ го управува *Системот за електронско учење*. Системот кој се применува од 2008 година е базиран на платформата Moodle и до јули 2011 год. се користеше верзијата на Moodle 1.9 која беше инсталирана на сервер со скромен капацитет (20 GB мемориски простор без можност за проширување). Во јули 2011 год. е инсталирана нова платформа со верзија Moodle 2.1 и на сервер со поголеми можности и во многу кратко време е усвоена за редовна работа. Од тој период до денес платформата континуирано се надградува со најновите верзии. На крајот на 2013 год. се врши надградба од верзијата 2.5.3. на верзијата 2.6.

Во 2014 година, од јануари до ноември се направени вкупно 8 надградби на платформата од што позначајно е да се наведе надградбата од верзија 2.6.3 на 2.7 извршена во јуни 2014 година, при што Moodle добива приспособлив (responsive) дизајн соодветен за користење на сите видови на уреди вклучувајќи и мобилни телефони и таблети. Последната надградба на системот за е-учење е направен во средината на септември, при што се преминува на верзијата 2.7.2+.

Во табела 1 се дадени податоците кои ја дефинираат моменталната искористеност на Moodle 2.7.2+ платформата според податоците земени

на 4 ноември 2014 г. (Во табелата, споредбено може да се погледнат и податоците од извештајот од претходната година.) Вкупниот број на корисници на системот за е-учење при УГД изнесува околу 19.925 корисници, од кои 412 се предавачи (професори и асистенти), а останатите се студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Моментално, вкупно се има 2.269 курсеви кои се активни, односно креаторите на своите курсеви водат редовна и постојана контрола на своите курсеви, за содржините, активностите и студентите зачленети во нив.

*Табела 1. Искористеност на Moodle 2.7.2+ платформата (4.11.2014 г.)*

| | **Вкупно: (10.12.2013)** | **Вкупно: (4.11.2014)** |
|---|---|---|
| **Курсеви:** | 1,823 | 2,269 |
| **Корисници:** | 16,753 | 19,925 |
| **Зададени задачи:** | 77,623 | 102,568 |
| **Предавачи:** | 381 | 412 |
| **Пораки:** | 64,550 | 96,047 |
| **Прашања:** | 1,291 | 17,029 |
| **Ресурси:** | 14,084 | 17,494 |

Во табела 2 е даден преглед на бројот на наставници/соработници кои ја користат Moodle платформата во наставниот процес, од сите 13 факултети во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“:

*Табела 2. *Број на наставници /соработници по факултети кои го користат Moodle*

| | Назив на институцијата | Наставници/ соработници 2013 | Наставници/ соработници 2014 |
|---|---|---|---|
| 1 | Факултет за музичка уметност | 6 | 11 |
| 2 | Факултет за туризам и бизнис логистика | 32 | 35 |
| 3 | Факултет за образовни науки | 28 | 28 |
| 4 | Факултет за медицински науки | 72 | 75 |
| 5 | Земјоделски факултет | 26 | 28 |
| 6 | Електротехнички факултет | 17 | 20 |
| 7 | Технолошко- технички факултет | 18 | 20 |
| 8 | Факултет за природни и технички науки | 51 | 53 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9 | Економски факултет | 29 | 33 |
| 10 | Филолошки факултет | 34 | 34 |
| 11 | Правен факултет | 17 | 19 |
| 12 | Факултет за информатика | 26 | 28 |
| 13 | Машински факултет | 22 | 25 |
| - | Воена академија | 3 | 3 |
| | **ВКУПНО** | **381** | **412** |

* *(Напомена: во горната табела се влезени и наставници/ соработници кои се од други факултети, но држат настава на споменатиот факултет – тоа значи дека некои наставници/ соработници може да се повторуваат во горниве бројки, што значи дека вкупната реалната бројка од 412 е помала за 10-20)*

**Заклучок**

Центарот за електронско учење во 2014 година навремено, континуирано и успешно ги извршува предвидените тековни активности, како и започнување и реализација на позначајни проекти со долгорочни ефекти во делот на електронската поддршка и спроведување на наставните процеси.

Системот за е-учење, редовно се ажурира, надградува и се одржува во функционална состојба, а се во интерес на непречено спроведување на наставата. Притоа на наставничкиот кадар му се овозможува континуирана поддршка за извршување на секојдневните задача а покрај тоа се организираат и обуки во зависност од потребите. Од податоците во извештајот можеме да согледаме дека бројот на курсеви и корисници постепено се зголемува, а паралелно со нив расте и бројот на пораки, прашања и ресурси. Исто така, од извештајот забележуваме и зголемување на бројот на наставници и соработници кои ја користат Moodle 2 платформата, односно ги користат различните алатки кои ги им ги нуди платформата, со чијашто помош полесно ја организираат својата наставна програма.

Како позначајни нови проекти започнати во 2014 год. се издвојуваат „Модулот за електронски (онлајн) предавања“ и „Електронско тестирање“ чијашто завршна имплементација се очекува до крајот на годината или почетокот на 2015 година.

Исто така, значајно е да се истакне дека Центарот за електронско учење воедно дава поддршка и помош за активно функционирање и на други системи во рамките на Универзитетот, како што се е-библиотека, УГД журнали, УГД Scholar и УГД репозиториум.

# XII. ЦЕНТАР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ

**Вовед**

Основна цел на Центарот за обезбедување со квалитет е зачувување на интересот на Универзитетот и општеството, за развој и одржување на квалитетот и стандардите на високото образование, зголемување на квалитетот на образованието кое го добиваат студентите, асистирање во процесите на управување и подобрување на квалитетот на универзитетско ниво, обезбедување подлоги и поддршка за интерната и екстерната евалуација, обезбедување транспарентност и едноставност на процедурите за евалуација на сите нивоа, информирање и едуцирање на студентите, наставничкиот кадар, техничкиот персонал и сите заинтересирани страни за важноста и потребата од развој и одржување на сопствена култура на одржување на квалитетот, како и процесите и резултатите од комплетирање на кое било ниво на високо образование.

Центарот за квалитет во соработка со Ректорската управа разработува и имплементира форми и процедури со кои ќе се осигури дека наставничкиот кадар вклучен во обуката на студентите е квалифициран и компетентен за работата која ја извршува.

Центарот за обезбедување на квалитетот собира и анализира податоци за внатрешна и надворешна евалуација на наставничкиот кадар и врши мониторинг на имплементираните процедури со кои ќе се осигуруваат неопходните компетенции на персоналот кој се регрутира или назначува. Центарот за обезбедување на квалитетот развива и имплементира програми за унапредување на наставните вештини и капацитети.

Центарот за обезбедување на квалитетот ги прибира, анализира и користи релевантните информации за ефективно управување со студиските програми и другите активности на Универзитетот. Тој се стреми да го подобри и усоврши образованието што им го нуди Универзитетот на своите студенти.

1. **Структура (раководител, вработени и ангажирани лица)**

Центарот за обезбедување со квалитет во 2014 година функционираше со следниов состав:

| Бр. | Презиме и име | Звање |
|---|---|---|
| 1 | Проф. д-р Дејан Мираковски | декан на Машински факултет |
| 2. | М-р Дијана Насева | референт во Центарот за обезбедување со квалитет |

2. **Извештај за активностите на Центарот за обезбедување со квалитет**

Во периодот од 1 ноември 2013 до 1 ноември 2014 година, во рамките на Центарот за обезбедување со квалитет се реализираа следниве активности, според предвидената Програма за работа.

| **Опис на активност** | **Временска рамка** |
|---|---|
| **екстерна евалуација на Универзитетот (прва надзорна проверка)** | **прв и втор квартал од 2014 г.** |
| **екстерна евалуација на Универзитетот (втора надзорна проверка)** | **трет и четврт квартал од 2014 г.** |
| **Активности со Оддел за софтвер** | |
| **поддршка во процесот на анкетирање со помош на е-индекс, финализирање на анкетирањето и активностите за прибирање на податоците** | **јуни 2014 г.** |

Изготвена е Анкета ОБ.12.13 со важност од 20.5.2014 г., во прилог:
Анкета за оцена на наставниците
Наставник:___________________________________________
Предмет:____________________________

Почитувани студенти,

Во рамки на вреднување на наставата на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, со помош на овој прашалник може да го оцените своето задоволство од квалитетот на наставата на вашите наставници и асистенти за секој предмет. Вашите искрени одговори може да укажат на недостатоците и тешкотиите во наставата и да придонесат за подобрување на нејзиниот квалитет. Ако некоја оцена не можете да ја дадете или не е применлива за одреден наставник изберете го одговорот „не можам да проценам“. Ве молиме, сите оцени да ги дадете со прецртување на полето на избраниот одговор (пример X ).

## А. Општи податоци за студентот

| | | м | ж | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Пол | ☐ | ☐ | | | |
| | | 1 | 2 | 3 | | |
| 2 | Ваше присуство на наставата кај овој наставник 1 - ретко (до 30%); 2- повремено (30-70%); 3 - редовно (повеќе од 70%) | ☐ | ☐ | ☐ | | |
| 3 | Каков беше Вашиот интерес за содржините кои ги обработува предметот на почетокот од наставата? 1 - мал; 2 - среден; 3 - голем | ☐ | ☐ | ☐ | | |
| | | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 4 | Која оценка во индексот Ви е најчеста? | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| 5 | Која оценка ја очекувате од овој предмет? | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |

**Б. Оцена на наставникот за дадениот предмет**

Според следната скала проценете во која мера наведеното тврдење најдобро ја опишува работата на наставникот

воопшто не се согласувам 1 2 3 4 5 потполно се согласувам

| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | не можам да проценам |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Јасно ги дефинира резултатите од учењето и она што се очекува од студентите | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| 2 | Наставата е добро структурирана и расположливото време е рационално искористено | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| 3 | Јасно и разбирливо ја изложува наставната содржина | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| 4 | Со употреба на различни наставни материјали го подига квалитетот на наставата (на пр. е-учење, однапред подготвени материјали) | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| 5 | Методите, примерите и задачите го олеснуваат постигнувањето на резултатите од учењето | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| 6 | Поседува добри комуникациски вештини и создава пријатна работна атмосфера | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| 7 | Мотивиран е за работа и совесно ги извршува своите обврски | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| 8 | Со студентите се однесува коректно и со почит | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| 9 | Наставата ја одржува редовно и навреме | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |
| 10 | Која оцена би ја дале за овој наставник во целина? | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ | ☐ |

**В. Коментари за работата на наставникот**

**Ве молиме да пишувате јасно и разбирливо!**

В1 Што посебно Ви се допаѓаше во работата на наставникот за овој предмет?

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

В2 Што не Ви се допаѓаше во работата на наставникот за овој предмет, односно што би предложиле со цел унапредување на квалитетот на наставата?

__________________________________________________________________
__________________________________________________________________
__________________________________________________________________

Изготвено е Барање за издавање на Потврда по остварена евалуација ОБ.12.14, со важност од 18.8.2014 г., во прилог:

До
Центар за обезбедување на квалитет
Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

**ПРЕДМЕТ:** Барање за издавање на Потврда по остварена евалуација

Јас, __________________________________ (име и презиме), технички секретар на ____________________________ (единица), барам да ми се издаде Потврда по остварена евалуација за наставникот _______________ ____________________ (име и презиме) за потребата за избор во наставно-научно звање.

__________________________ ______________________________
(датум и место) (име, презиме и потпис)

Како сублимат се издаваа Потврда по остварена евалуација ОБ.12.12 со важност од 20.5.2014 г., во прилог:

Врз основа на член 125 од Законот за високото образование и член 6 од Правилникот за евалуацијата на наставниот процес на академскиот кадар од страна на студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Центарот за обезбедување на квалитет ја издава следнава

ПО Т В Р Д А

По остварената евалуација согласно со одредбите од Правилникот за евалуацијата на наставниот процес на академскиот кадар од страна на студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во периодот од -------------до -------------, наставникот ------------------------------------------ (звање, име и презиме на наставникот), наставник на ----------------------------------- (единица на Универзитетот):

☐ има позитивна оценка од евалуацијата,
☐ нема позитивна оценка од евалуацијата.

Потврдата се издава за потребата за избор во наставно-научно звање на наставникот.

Центар за обезбедување на квалитет
Раководител,

________________________
(име, презиме и потпис)

**Заклучок**

Центарот за обезбедување со квалитет во текот на 2014 година успешно ги извршуваше предвидените активности од планот за работа за 2014 година.

Во јули 2014 година е издаден Извештај за евалуација од тимот за евалуација од EUA Institutional Evaluation Programme (IEP) и насоки што треба да ги преземе во иднина, особено во рок од 12 месеци од финалниот извештај.

Од јуни 2014 година до ноември 2014 се реализирани 31 анкета за евалуација на наставнички кадар на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип во соработка со е-индекс. Издадени се исто толку потврди за самоевалуација кои се директно инволвирани во процесот на избор/реизбор на наставниците при УГД.

Во иднина процесот на самоевалуација на наставничкиот кадар во план е да се автоматизира и сите наставници тековно еднаш годишно да подлежат на самоевалуација, со што би се олеснила постапката за избор/реизбор на истите. Исто така, квартално ќе се подготвува Билтен за евалуација на наставнички кадар, во кој ќе бидат изнесени позитивните односно негативните коментари проследени во анкетата за оцена на наставниците.

## ЦЕНТАРОТ ЗА МЕЃУУНИВЕЗИТЕТСКА СОРАБОТКА

Центарот за меѓууниверзитетска соработка при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип е активен во делот на воспоставување соработка со други високообразовни и научни институции од земјава и од странство, организирање на мобилности на наставнички кадар и студенти и посредување при истите, следење на проекти и проектни активности на Универзитетот, посредување при ангажирање и/или организирање на предавања од визитинг професори и менаџирање на програмите за мобилност Еразмус, Еразмус + и Мевлана.

Раководител на Центарот за меѓууниверзитетска соработка е ректор проф. д-р Саша Митрев, а референт во Центарот е м-р Маријана Кротева.

Во текот на 2014 година Центарот за меѓууниверзитетска соработка активно работеше на навремено информирање за сите отворени конкурси за студиски престои, кратки обуки и конференции во странство и во земјава, ја следеше работата на проектите чии активности се реализираат по единиците на Универзитетот, воспоставуваше контакти со високообразовни институции за  соработка во сферата на науката и образованието, како и за мобилности во рамки на Еразмус + програмата, организираше презентации за стипендии и асистираше на студентите и вработените при изборот на најсоодветен конкурс за аплицирање или пополнување на апликација.

Во делот од воспоставување на нова соработка, во текот на 2014 година потпишана е меѓууниверзитетска соработка со следните институции: Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Софија, Бугарија, Технички универзитет – Габрово, Бугарија, МАНУ, Чеченски педагошки институт - Грузија, Универзитет Ломоносов, Русија, Електротехнички факултет - Љубљана, Словенија, Универзитет Фоџа - Италија, Универзитет Ченгду - Кина. Во текот на септември е доставена иницијатива за соработка до првите 200 универзитети според Шангајската листа на рангирање. Еразмус + соработка е потпишана со следните високообразовни институции: Универзитет Грац, Австрија, Универзитет Копар, Словенија, Универзитет Вилниус, Литванија, Универзитет Марибор, Словенија, Стопанска академија Свиштов, Бугарија, Универзитет Талин, Естонија, Универзитет Фоџа, Италија, Универзитет Ферара, Италија, Универзитет Виго, Шпанија, Универзитет Љубљана, Словенија, Универзитет Острава, Чешка, Универзитет Сплит, Хрватска, , Универзитет Елблаг, Полска, Универзитет Плато, Турција, Универзитет Јауме 1, Шпанија, Универзитет Осиек, Хрватска, Универзитет Гиресун, Турција, Универзитет во Алба Јулија, Романија, Академија за безбедносни науки Талин, Естонија, Намик Кемал Универзитет, Турција, Универзитет АГХ, Краков, Полска, Универзитет Кастамону, Турција, Универзитет Прземисул, Полска, Универзитет Пловдив, Бугарија, Универзитет Кошице, Словачка, Универзитет Загреб, Хрватска, Универзитет Велика Горица, Хрватска и Високошколски завод за физиотерапевти, Словенија.

Значаен дел од работата на Центарот за меѓууниверзитетска

соработка за 2013/2014 година беа активностите во рамки на Еразмус и Еразмус + програмата. Во таа насока се работеше на следното:

- регистрирање на Универзитетот и изготвување на Еразмус + апликација на национално ниво, за мобилности за студенти и три места за мобилности за наставнички кадар;
- координирање на активности за вкупно 28 Еразмус студенти за академска 2013/2014 година: организирање на Еразмус средби и информативни состаноци, изготвување на документација (апликација и договор за учење), следење на студентите и логистичка помош за време на Еразмус престојот, по нивното враќање преглед на доставена документација за реализирани активности за време на Еразмус престојот, признавање на стекнати активности и ЕКТС кредити во соработка со продеканите на единиците, одржување на финална Еразмус средба, учество во радиоемисија на „УГД ФМ";
- во рамки на Еразмус програмата учествуваа и тројца професори: проф. д-р Зоран Десподов на Универзитет Острава, Чешка, проф. д-р Ристе Темјановски на Универзитет Фоџа, Италија и асс. Дарко Лазаров на Универзитет Јауме 1, Шпанија;
- објавување на интерен повик за искажување иницијатива за учество во Еразмус + програмата;
- во текот на март, април и мај се организираа Инфо денови за Еразмус + програмата за сите студенти и вработени при Универзитетот, а програмата беше презентирана и преку Универзитетското радио и Универзитетски весник;
- објавување Конкурс на УГД за Еразмус + програмата за академска 2014/2015 година, од пријавените кандидати на Конкурсот по спроведеното интервју селектирани се 19 студенти и 3 професори;
- во април се извршени потребни координации за партнерско аплицирање во рамки на Еразмус + К2 акција за проект TOI TOI TOI;
- во рамки на студентска мобилност од Еразмус + програмата во октомври пристигнаа првите двајца студенти од странство од Универзитет Љубљана, Словенија, кои еден семестар ќе имаат мобилност на ФПТН при УГД, а изготвена е и документација за наставнички кадар од Земјоделски факултет Карнобат, Бугарија, за мобилност на Земјоделски факултет;
- во рамки на Horizon 2020 програмата се извршени првични активности во регистрирање на Универзитетот, изготвување на потребна документација и назначување на LEAR лице.

Во текот на 2013/2014 година, следните визитинг професори беа ангажирани на УГД:

- проф. Кристин Витнабл од САД, ангажирана на Правниот факултет;
- проф. Игор Егоров од Русија, ангажиран на Отсекот за ликовна уметност
- проф. Викторија Егорова од Русија, ангажирана на Отсекот за ликовна уметност,
- лектор Јуко Ватанабе, Јапонија, ангажирана на Филолошки факултет.

Во организација на ЦМС и во координација со единиците при УГД се одржани предавања за студентите од страна на следните визитинг професори:

– проф. д-р Грујица Вицо од Универзитет Источно Сараево, Босна и Херцеговина, во рамки на билатералната соработка меѓу двете институции одржа предавања за студентите од Земјоделски факултет;
– проф. Дениз Инал во рамки на Мевлана програмата со Мехмет Акиф Универзитет, Турција, одржа предавања за студентите на Земјоделски факултет;
– проф. Чумхур Ун во рамки на Мевлана програмата со Мехмет Акиф Универзитет, Турција, одржа предавања за студентите на Филолошки факултет;
– проф. д-р Александар Николоски од Универзитет Мурдоч, Австралија, одржа предавања за студентите на ФПТН.

Првично, визитинг професорите беа пречекани од страна на Центарот за меѓууниверзитетска соработка и им беа понудени општи информации за работата на УГД, градот Штип и Р. Македонија. Понатаму, се премина кон работа за обезбедување на документација за нивниот сектор, при што се соработуваше со:

– МВР-Штип и Центар за вработување-Штип заради информирање околу документи потребни за процедурата за издавање на работна дозвола за странските професори;
– МОН заради издавање на согласност за ангажирање на професорите.

Вршени се координации, преговори и писма покана за двајца Фулбрајт специјалисти кои искажаа интерес за престој на Правен факултет при УГД преку Фулбрајт програмата, и тоа проф. Вигел и проф. Адмире.

Од активности поврзани во склоп на Комисија за станови ги споменувам: разгледување на станови и извештај за истите и наоѓање на најсоодветно сместување за гостите-странци. Притоа, за странците кои останувaат на УГД еден или два семестра е обезбедено приватно сместување во Штип.

Од останатите тековни активности на Центарот за меѓууниверзитетска соработка ги издвојувам следните:

– контакти со студенти и вработени за можностите за студиски престој во странство (најсоодветен за спрема нивните планови и потреби);
– контакти со странски институции и професори од странство заради потребни информации, организирање на научни собири, учество во проекти, пополнување на обрасци, посета на единици при УГД;
– контакти со странски студенти заинтересирани за студии на УГД;
– тековно ажурирање на веб-страница на ЦМС во делот под конкурси и партнер универзитети, како и работа на англиска верзија на веб-страницата за Еразмус + програмата.

# XIV. ИНФОРМАТИВНО-ТЕХНОЛОШКИ ЦЕНТАР

1. **Вовед**

Дејностите кои ги презеде ИТ центарот за 2014 година беа во правец на подобрување на сервисите за електронска пошта, обновување на договори за интернет сервиси и телефонија, набавка на нова опрема, обезбедување на систем за пријава на проблеми и нивно решавање, како и подобрување на надворешна мрежна оптичка инфраструктура помеѓу нов Ректорат и Кампус 2. Стандардно со работата на Центарот беше обезбедената и останата техничка поддршка на вработените и студентите во Штип, како и на другите локации во рамките на можностите на Центарот.

Врз основа на Правилникот за работа на Центарот и според член 4, раководителот на ИТ центарот поднесува Годишен извештај за работењето заклучно со ноември 2014 година. Извештајот ги содржи следните информации:

- организациона структура на Центарот;
- реализација на поставените цели според зацртаниот Годишен план;

2. **Структура**

Организационата единица ИТ центар е под директно раководство на ректорот на Универзитетот.

Раководителот на ИТ центарот ја носи одговорноста за организирање, следење и оценување на внатрешните работи и обврски.

Центарот е поделен на три сектори:

Раководител на ИТ центар - Гоце Богатинов

1. Сектор за мрежна администрација
- помлад мрежен администратор - Горан Петров;
- помлад мрежен администратор - Тодор Чекеровски.

2. Сектор за системска администрација
- виш ИТ администратор за системска администрација - Јордан Тиквешански;
- помлад систем-администратор - Александар Насков;
- помлад систем-администратор - Влатко Јовановски.

3. Сектор за средства и техничка поддршка
- виш ИТ администратор за средства и техничка поддршка - Гоце Богатинов;
- ИТ техничар - Зоран Тиквешански;
- референт за средства и техничка поддршка - Наташа Фенева.

1.1. **Сектор за мрежна администрација**

Во продолжение следуваат активностите кои се реализираа:

- Изготвен и реализиран план и спецификација за втора (редундантна) оптичка патека од зграда нов Ректорат до Кампус 2.

Поради единичната оптичка врска од стар до нов Ректорат и поради честите проблеми на кинење на истата врска од страна на Општина Штип во коритото на река Отиња се постави барање за втора оптичка патека со која новата управна зграда ќе биде постојано поврзаната на мрежата на Универзитетот и ќе нема прекини во работата. Поврзувањето со Кампус 2 се покажа како најоптимално решение и поради условите кои се појавија со правењето на пешачката патека која се протега од задната страна на Исарот. Спецификацијата и планот за поврзување беше предмет на јавна набавка која се реализира со предвиден буџет од 750.000 денари од изведувачот Марсис Дата од Скопје.

Поставен е кабел со 12 оптички влакна кој е пуштен во функција, а новиот Ректорат е обезбеден со 3 оптички врски.

- Прекини на оптички патеки

Во текот на годината имаше повеќе прекини на оптичките патеки во сопственост на УДГ предизвикани од правни лица. Сите повреди се евидентирани со интерни записници и со потврди од СВР-Штип.

Најмногу прекини се случија во коритото на река Отиња каде што се изведуваа градежни работи околу уредувањето на коритото од страна на Општина Штип. Поради овие прекини беше извршена воздушна дислокација на оптичкиот кабел од коритото на потегот од градско собрание до мост кај црквата „Свети Никола“. Оптичкиот кабел од стар до нов Ректорат е привремено поставен по столбовите за осветлување додека не се завршат градежните работи на спомenатиот потег.

Покрај тоа што повредите се санирани, ова имаше и финансиски последици за Универзитетот, бидејќи една повреда на кабел со 24 оптички влакна се движи до 500 – 1.000 евра.

- Изведба на компјутерска мрежа

Завршни изведби на компјутерски мрежи се реализираа во Ликовната академија и во новиот Ректорат.

Објектите се оспособени да функционираат со потребните мрежни сервиси.

Како стандардни активности на овој сектор се и одржувањето и конфигурирањето на постојната и новонабавената активната мрежна опрема.

- учество во Комисија за реализација на јавен оглас за одржување на оптика со буџет од 10.000 евра; постапката е сè уште во тек.

1.2. **Сектор за системска администрација**

Одржувањето на целата системска инфраструктура по кампусите и на дата центарот беше главна цел на овој сектор.

На почетокот од годината се обновија договорите за следните сервиси:

- телефонија, преку јавна набавка обновен е сервисот со нов двогодишен договор со Неотел;

- интернет линкови, два линка со брзина од 100 Mbps со двегодишен договор од два оператори Неотел и Телесмарт;
- меѓуградски линкови со различна симетрична брзина на двегодишен договор со оператор Неотел;
- кампус лиценци – Мајкрософт со рамковен договор во времетраење од 3 години со Интек системи.

Проекти и нови сервиси:

- Пуштен е систем за пријава и решавање на проблеми за вработени. System Center Service Manager 2012 е избраната софтверската платформа која ги задоволува потребите за центрите кои располагаат со опрема и магацин.
- Проекти

Завршен е проектот за миграција на електронските сандачиња на вработените на Microsoft Office 365. Со ова сите корисници на службената пошта на Универзитетот (студентите, администрацијата и наставничкиот кадар) добија поголем мејл простор (50 ГБ), како и можност за користење на OneDrive Pro како клауд простор решение (1 ТБ). Миграцијата започна во декември 2013 г., а заврши во февруари 2014 г. При миграцијата не се изгубени стари електронски пораки и се олесниjа постоечки системски ресурси на Универзитетот.

Во текот на годината извршена е посета на неколку настани и семинари за стручно усовршување.

1.3. **Сектор за средства и техничка поддршка**

Секторот ги спроведување следните активности:

- распределба и задолжување на постојна и нова опрема;
- администрирање на систем за евиденција на работно време во што спаѓа одржување на хардверските уреди за читање на картичките и работа со апликацијата за собирање на настани, креирање и доставување на извештаи за вработени до одделот за човечки ресурси;
- инсталација на дополнителни контролори и софтвер за евиденција на присутност на студенти;
- техничка поддршка;
- архивско работење и одржување на магацин;
- учество во комисија за реализирање на јавен оглас за одржување и сервис на печатачи (мала набавка);
- учество во комисија за реализирање на јавен оглас за одржување на Xerox Docushare (мала набавка).

**Заклучок**

Поради смалениот буџет за ИТ активности во тековната година работата на Центарот беше насочена кон одржување и сервисирање на веќе постојната техника и инфраструктура.

# XV. УНИВЕРЗИТЕТСКАТА БИБЛИОТЕКА

## ВОВЕД

Универзитетската библиотека претставува место каде што се врши прием на библиотечниот материјал, се прави стручна обработка (комплетна рачна и компјутерска), па така обработениот библиотечен материјал се дистрибуира до библиотеките на единиците на Универзитетот. Воедно, таа е и координатор на работата и активноста на библиотеките на единиците при УГД.

Универзитетската библиотека врши зголемување на фондот на книги, преку набавка на нови наслови и публикации од земјава и од странство.

Еден од факторите за успешно одвивање на библиотечната дејност е библиотеката да води библиотечна статистика според позитивните законски прописи. Нашата библиотека ја води таа евиденција и статистика, која се состои од: евидентирање на библиотечниот фонд и услуги, евидентирање на уписот на корисниците, изработка на листи за дневно и месечно следење на користењето на библиотечните услуги и сл. На крајот, врз основа на сето ова, се изготвуваат статистички извештаи.

Исто како и досега, новодобиените книги најнапред се евидентираат, т.е. архивираат во Деловодна книга, а за книгите кои се набавени со фактура се изготвуваат сметководствени пресметки поединечно за секоја книга.

Потоа на секој влезен или излезен документ се врши архивирање (а доколку нема список на книги се прави записник), потоа се врши скенирање и нивно внесување во компјутерската програма Suscriptor.

Понатаму, се врши техничка и стручна обработка (каталогизација на библиотечниот материјал) според најновите меѓународни стандарди за библиотечно работење (UNIMARK). Обработката се состои од техничка, рачна обработка – најпрво се врши потпечатување и инвентарирање на секоја публикација, а потоа следува евидентирање на секоја публикација во инвентарна книга за секоја единица (факултет) поединечно. Потоа се врши каталогизирање на публикацијата по универзална децимална класификација (УДК) односно по научни области, а по ова следи обработка и средување на податоците потребни од инвентарни книги.

Потоа се врши компјутерска обработка во библиотечната оперативна програма Facit.

Во текот на годината се вршеше и прием и средување на вратени задолженија по налози по факултети.

Врз основа на извадените податоци од библиотечната евиденција (35 инвентарни книги) на Универзитетската библиотека изработена е статистичка табела за бројот на обработени книги по единиците на УГД.

На крајот од годината се врши преглед и проверка на секој внесен предмет со одделните акти во програмата за архивско работење и се врши разведување на секој акт.

На крајот од годината, исто така, се изработуваат годишни прегледи и тоа: Преглед на вкупниот број обработени книги за 2014 година, Преглед на податоците за добиени и обработени книги за 2014 година во

библиотеките по факултети, Преглед на бројот на зачленети и услужени корисници во библиотеките на факултетите за 2014 година и Записник за состојбата на фондот на книги во Универзитетската библиотека врз основа на библиотечната евиденција. Потоа беше изработен Годишен извештај за работата на Универзитетската библиотека при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип за 2014 година.

Во Централната библиотека се даваа информации на студенти, професори и асистенти во библиотеката во врска со расположливата литература во библиотеката.

## СТРУКТУРА (РАКОВОДИТЕЛ И ВРАБОТЕНИ)

Во Универзитетската библиотека работат: Цвета Димитриева, Мима Костова, Александар Донски, Љуба Миланова, Јасминка Соколовска и Роза Јованова. Во текот на јуни 2014 г. на работното место библиотекар, во библиотеката на Кампус 4, е распоредена Мартина Николовска. Исто така, во Универзитетската библиотека работат волонтерите Марија Причкова-Митева и Дејан Иванов. Од февруари 2014 г. до февруари 2015 г. Александар Донски е ослободен од работните задачи како библиотекар, поради тоа што е поставен за главен и одговорен уредник на Монографијата на УГД.

Од страна на раководителката Цвета Димитриева секој месец е изготвувано мислење за работата на овие двајца волонтери.

## ЗАКЛУЧОК

Во текот на 2014 година во Универзитетската библиотека при УГД се реализирани низа активности, кои ќе ги наброиме во продолжение.

### *Технички и стручно обработени книги*

Во 2014 година во Универзитетската библиотека вкупно се добиени и комплетно технички и стручно обработени 9.394 книги од кои 2.476 уникати и 6.918 дупликати.

Во вкупниот број обработени книги влегуваат: 7.715 домашни книги (од кои 1.346 уникати и 6.369 дупликати) и 1.679 странски книги (1.130 уникати и 549 дупликати). Од вкупно обработените странски книги: 1.580 книги се на турски јазик, 21 на англиски јазик и 78 на италијански јазик.

Преглед на вкупниот број обработени книги за 2014 година

| | Вкупно | Домашни | Странски |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 9.394 | 7.715 | 1.679 |
| Уникат | 2.476 | 1.346 | 1.130 |
| Дупликат | 6.918 | 6.369 | 549 |

По извршената обработка на библиотечниот материјал беа изготвени задолженија за секоја библиотека на факултетите (14 единици) кои заедно со обработените книги беа доставени до нив. Во тие новодобиени

книги влегуваат книги кои се добиени врз основа на подарокот од Владата на Република Македонија од проектот „Превод на 1.000 книги од најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија“; потоа книги набавени по фактури, подароци од Министерството за култура, донација од Турскиот културен центар „Јунус Емре” и Турската амбасада, книги донација од Италијанска амбасада, подароци од професори и други автори.

***Компјутерски обработени книги***

Вкупно обработениот библиотечен материјал компјутерски во библиотечната оперативна програма Facit во 2014 година изнесува 13.812 книги од кои 3.149 уникати и 10.663 дупликати.

***Активности во библиотеките по факултетите***

Вработените од библиотеката учествуваа и во организирање и распределување на комплетно обработените книги по факултети со соодветни задолженија. Се изврши средување и подредување на обработените книги на рафтовите во Централна библиотека, во библиотеката на Кампус 2 и библиотеката на Кампус 4. Воедно се изврши и класифицирање и подредување на книгите по научни области, односно по универзална децимална класификација.

Примарна цел на Универзитетската библиотека е давање библиотечни услуги со расположливиот книжен фонд на студентите од прв и втор циклус на студии, на наставниот кадар и на останатите вработени.

Библиотеката во Кампус 4, покрај библиотечните услуги, обезбедуваше и користење на читалната од страна на студентите и професорите за одржување часови, полагање испити и други активности.

Врз основа на библиотечната евиденција во Кампус 2, вкупниот број на услужени корисници во 2014 година изнесува 2.664. Од нив бројот на студенти кои користеле библиотечна услуга изнесува 1.450, додека бројот на наставниот кадар кои користеле библиотечни услуги е 694. Библиотечни услуги користеле и студентите на постдипломски студии чиј број изнесува 315, додека останатите вработени се 205.

Во Кампус 4 библиотечна услуга користеле 2.057 корисници. Библиотечни услуги се давани и на останатите факултети од страна на техничките секретари. Бројот на зачленети и услужени корисници по факултети е даден во посебен преглед кој го приложуваме на крајот на овој извештај.

***Активности за дистрибуција на книги по единиците на УГД и ревизија на библиотечниот фонд***

Во 2014 година се продолжи со активностите за дистрибуција на обработените книги по единиците на УГД.

Најпрво се изработуваа задолженија на обработените книги по факултети, а потоа се вршеше нивно архивирање и копирање.

Потоа следуваше пребројување на книгите по задолженија и препраќање на обработените книги до единиците на УГД, т.е. нивните библиотеки. По приемот на книгите се вршеше прием на потпишани задолженија од обработени книги од факултетите и нивно средување по документите.

Од Централната библиотека се изврши доставување книги (пренесување на избројаните книги од третиот кат до возилото) до: Факултет за туризам и бизнис логистика, Филолошки факултет и Правен факултет (855 книги за трите факултети) и Факултет за природни и технички науки 30 книги. Пред доставувањето на овие книги се пристапи кон отворање на секоја книга и преглед по инвентарен број и наслов и нивна проверка по задолженија, а потоа и по инвентарна книга. Беше изготвен записник и извршено е примопредавање на обработени 2.437 книги (добиени од Битола) на Земјоделски факултет во Салата за состаноци.

Од библиотеката на Кампус 2 вез основа на направен записник за примопредавање се изврши пребројување и доставување на 495 книги на француски јазик од стариот фонд од Педагошки факултет за библиотеката на Филолошки факултет. Се изврши пребројување, преместување и доставување на 3.000 книги од преводот на Владата на РМ од библиотеката на Кампус 2 во библиотеката на Факултетот за образовни науки на новата локација.

Од библиотеката во Кампус 4 се изврши пребројување, преместување и доставување на 9.382 книги до соодветните единици на УГД. Воедно, извршено е пренесување и подредување на 3.346 обработени книги, кои треба да бидат дистрибуирани.

Во текот на 2014 година се изврши ревизија на библиотечниот материјал односно преглед и проверка на обработените книги по инвентарни книги за библиотеката на Економски факултет и нивно сложување по инвентарна книга. Се изврши и сложување на библиотечната евиденција од инвентарни книги со компјутерската евиденција. Исто така беа извадени од класерите и беа копирани задолженија на книги кои беа доставени на задолженото лице на библиотеката. На Економски факултет се изврши пренесување, пребројување и средување на книгите од библиотечен фонд според наслови во нова просторија на рафтови. Беше направен список на средените книги по наслови и по број.

На Факултетот за образовни науки во библиотеката се изврши попис на библиотечниот материјал и презадолжување на друго лице. За таа цел, пред спроведување на пописот на библиотечниот материјал беше извршена потребната подготовка за пописот која се состоеше од сложување на задолженијата на книги со кои е задолжена библиотеката (според наслови, инвентарни броеви, датуми, материјално и финансиски) со инвентарните книги. Исто така се направи сложување на обработените и доставени книги од инвентарна книга на Факултетот за образовни науки со компјутерскапрограма Facit.

Беше извршена проверка, средување и сложување на документите за обработените и доставени книги по одделните налози по наслови и инвентарни броеви со инвентарна книга за Факултетот за медицински науки. Воедно се направи сложување на обработените и доставени книги од инвентарната книга со компјутерска програма Facit по инвентарен број и сигнатура. Се направи средување, класифицирање на книгите по наслови и области во библиотеката на Факултетот за медицински науки, како и изготвување на електронски список на книги по локација по рафтовите.

Беше реализирано и вадење на задолженија за Правен факултет Факултетот за туризам и бизнис логистика од класер и беше извршено и сложување по инвентарни книги. Воедно се изврши сложување на инвентарните книги со електронската евиденција на обработени и доставени книги за овие два факултета, копирање на документите со кои се задолжени лицата и нивно доставување. Исто така се изврши ревизија, т.е. сложување на документите по задолженија на книги со инвентарна книга за библиотеката на Земјоделски факултет, а воедно и сложување на инвентарните книги на Земјоделски факултет со компјутерска програма Facit. Беше направено вадење на задолженијата и за Ректорат и Наставен центар Струмица, и нивно сложување со инвентарна книга.

Во текот на 2014 година беше извршена компјутерска обработка на записи на книги по микролокација за Факултетот за туризам и бизнис логистика и Наставен центар Струмица и сложување со инвентарна книга. Воедно се изготви преглед (материјално и финансиски) по микро и макро локација за обработените книги и сложените задолженија на книги скенирани беа препратени по електронска пошта до задолжените лица.

Во библиотеката на Кампус 2 беше направено приготвување и испраќање на трудови од “Geologica Macedonika” од бр. 1 до 10 за објавување на веб-страницата, како и испраќање на списанието “Geologica Macedonica”. Од Централната библиотека се изврши носење на обработени книги до стариот Ректорат за праќање за Правен факултет. Исто така се земаа документи од стариот Ректорат и се носеа документи во стариот Ректорат за праќање. Се изврши прием на магистерски трудови, нивно распоредување, подредување и класирање на рафтовите. Се направи пресметка на земени книги од библиотеката на Електотехнички факултет и Машински факултет, список на книгите, комплетирање на документи, копирање, архивирање и нивно доставување.

***Реализирани работни посети***

Во текот на 2014 година, од страна на раководителката и вработените во Универзитетската библиотека беа реализирани работни посети на библиотеките во останатите единици на УГД и тоа на: Факултет за образовни науки, Економски факултетот, Факултетот за медицински науки, Земјоделски факултет, Филолошки факултет и други. За време на овие работни посети беше реализирано запознавање и организирање на работата во врска со средување на книгите на лицата задолжени за

библиотечно работење, како и со процедурата и работата во врска со зачленување на членови во библиотеката како и издавање на книгите.

Освен ова, и лицата задолжени за библиотечно работење по факултетите остварија посети на Централната универзитетска библиотека за време на кои исто така се водеа разговори околу нивната работа во библиотеката, а информации околу нивната работа се разменуваа и по е-пошта и преку телефонски разговори.

Во 2014 година, вработените од Универзитетската библиотека го посетија Седмиот саем на книгата што се одржува секоја година во НУБ „Гоце Делчев“ во Штип. Исто така (по покана на организаторите) вработени од Универзитетската библиотека присуствуваа и на промоции на книги што се одржаа во НУБ „Гоце Делчев“ - Штип и на други локации. Меѓу другите, беше реализирано присуство на промоции на книгите: „Мојот од во плурализмот од 1990 до 2003“ од Ѓорѓи Наумов, на книгата „Типарти“ од Тодор Басотов во Национална установа Библиотека „Гоце Делчев“ - Штип и други.

Вработените од Универзитетската библиотека присуствуваа на обука на Факултетот за образовни науки во врска со обука на вработените за безбедност и здравје при работа во рамки на проектот „Зајакнување на капацитетите на УГД за безбедност и здравје при работа“.

Во библиотеката на Кампус 4 беше одржано предавање на италијански режисер пред студентите по италијански јазик.

***Останати активности***

Во текот на 2014 година вработените во Универзитетската библиотека континуирано одржуваа работни состаноци во врска со тековните работни активности во библиотеката. На крајот од годината беше направен попис на основните средства по микро и макро локација, како и попис на ситниот инвентар во библиотеката, при што беше изготвен записник за извршениот попис. Се изврши собирање, анализа и сложување на библиотечната евиденција по одделните локации (по инвентарни книги за библиотеките по факултети) на целокупниот библиотечен фонд за тековната година, сложување со сметководствената евиденција и изработка на финален записник.

Беше направена класификација на добиените и обработени книги од проектот на Владата на РМ и беше изработен список на обработените книги по научни области (универзална децимална класификација). Исто така се изготви список на обработени книги од областа на хуманистичките науки по наслови и автори со кои располага Универзитетската библиотека при УГД.

Беше организирано собирање на книги и списанија од библиотеките на УГД. Се изврши колекционирање, пакување на книгите и списанијата од Централна библиотека, Факултет за природни и технички науки, Педагошки факултет, Земјоделски факултет и Филолошки факултет и препраќање на собраните книги како донација до Охридската архиепископија во Тетово при Македонската православна црква.

Во 2014 година по барање на Државниот завод за статистика - Штип беше изготвен и доставен Статистички извештај за библиотеките-2013 за Универзитетската библиотека. За таа цел беа изготвени прегледи од собраните податоци по факултети со бараните податоци за статистичкиот извештај.

Се направи изготвување на работи кои треба да се дополнат во врска со податоци од обработени книги во програмата Facit и нивно доставување до раководителот на ИТ секторот.

Од страна на раководителката на Универзитетската библиотека е направена анализа на сметководствените картици на основни средства за книжени и платени книги.

Универзитетската библиотека во 2014 година соработуваше со НУБ „Гоце Делчев“ - Штип и НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје.

Во 2014 година во Универзитетската библиотека пристигнаа нови книги, како набавени, така и подарок од Владата на Република Македонија, на кои интензивно се работеше и сè уште се работи. Оваа година добивме и книги како донација од Министерството за култура, како и магистерски и специјалистички трудови на студенти од втор циклус студии. Вработени во Универзитетската библиотека помагаа во истоварот на ново добиените книги од донациите. Активност на Универзитетската библиотека претставуваше и постојаното потсетување (телефонски и преку е-маил пораки) до факултетите за ненавременото доставување на истите во библиотеката, како и континуираното соочување со проблеми во однос на дистрибуирањето на веќе обработените книги до матичните факултети и доставувањето на необработените книги до нашите простории и други тековни активности во согласност со правилникот на Универзитетската библиотека.

Преглед на податоците за добиени и обработени книги за 2014 година во библиотеките по факултети

| **Добиени и обработени книги во Универзитетската библиотека при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип за 2014 година по факултети** | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Организациона единица** | **Вкупен број на книги** | **Наслови** |
| 1. | Ректорат | 200 | 100 |
| 2. | Правен факултет | 1440 | 83 |
| 3. | Централна библиотека | 206 | 78 |
| 4. | Земјоделски факултет | 1081 | 101 |
| 5. | Филолошки факултет | 2382 | 1365 |
| 6. | Факултет за природни и технички науки | 925 | 79 |
| 7. | Факултет за образовни науки | 233 | 45 |
| 8. | Факултет за туризам и бизнис логистика | 284 | 79 |
| 9, | Наставен центар Струмица | 136 | 98 |
| 10. | Факултет за медицински науки | 706 | 78 |
| 11. | Машински факултет | 263 | 77 |
| 12. | Институт за историја и археологија | / | / |
| 13. | Технолошко-технички факултет | 393 | 98 |
| 14. | Електротехнички факултет | 215 | 79 |
| 15. | Факултет за информатика | 349 | 95 |
| 16. | Економски факултет | 581 | 21 |
| 17. | Факултет за музичка уметност | / | / |
| 18. | Вкупно | 9394 | 2476 |

Преглед на бројот на зачленети и услужени корисници во библиотеките на факултетите за 2014 година

| **Вкупно зачленети и услужени корисници во библиотеките по факултети при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип за 2014 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
За своите долгогодишни клиенти, Лабораторија продолжува со своите анализи:

- агрохемиски анализи на почвата и давање на соодветни препораки за ѓубрење и прихрана на растенијата;
- испитување на присуство макро и микро елементи, тешки метали и елементи во траги и резидуи од пестициди во различни медиуми, како што се: почвата, водата и растителниот материјал, утврдувањето на активните материи во пестицидите, утврдувањето на застапеноста на хранливите елементи во ѓубривата;
- анализа на квалитетот на семенскиот и садниот материјал, утврдување на генетски модифицирани организми;
- детерминација и идентификација на присуството на болести и штетници кај растенијата и складираните земјоделски производи;
- утврдување на биолошката ефикасност на пестицидите;
- квалитативно и квантитативно определување за присуство на микотоксини во растителните производи.

Во текот на 2013 година, Лабораторијата континуирано ќе продолжи со давање услуги на правни и физички лица за апробација на семенски посеви, различни експертизи, стручни совети, препораки и мислења поврзани со земјоделското производство, преработката и чувањето на земјоделските производи.

**Реализирани активности во 2013-2014 година**

Повеќегодишните перманентни залагања на раководството и вработените во лабораторијата за унапредување на процесот на работа, преку континуирани вложувања во просторот за работа, опремата, усовршувањето и специјализацијата на персоналот, на почетокот на 2012 година резултираа со акредитација на Лабораторијата од страна на Институтот за акредитација на Република Македонија, според меѓународниот стандард МКС EN ISO/IEC 17025:2006. Со сертификат број ЛТ-028 од 27.1.2012 година Лабораторијата има опсег на акредитација за дванаесет методи, и тоа:

**Квалитет на почви**

– Претходна обработка на почвен примерок за физичко-хемиска анализа.
– Метод за растворање на почви и седименти со флуороводородна и перхлорна киселина.
– Одредување pH на почва.

- Определување на вкупен азот во почва – Модифициран метод по Kjeldahl;
- Определување на леснодостапен фосфор и калиум во почва со AL методот по Egnér, Riehm, Domingo.

**Квалитет на води**

- Метод за приготвување на природни површински, подземни и отпадни води за определување на 33 елементи во води со масена спектрометрија со индуктивно спрегната плазма.

**Квалитет на вода, почва и седименти**

- Определување на макро, микро и елементи во траги во вода, почва и седименти со масена спектрометрија со индуктивно спрегната плазма.

**Квалитет на семенски материјал**

- Определување чистота на семе.
- Определување (детерминација) на други видови семиња во чистото семе.
- Определување 'ртност на семето.
- Определување содржина на влага во семето.
- Определување маса на 1.000 зрна семе.

Притоа, со активностите реализирани во текот на целата година, преку постојаното одржување и подобрување на воспоставениот систем за квалитет Лабораторијата имаше за цел подобрување на квалитетот и ефикасноста на услугите. Во таа насока раководството продолжи со подобрување на просторните и техничките услови. Со преуредување на просторијата којашто се користеше само за подготвување на примероците од почва за натамошни испитувања и со преместување на опремата поврзана со тие испитувања се доби функционален простор за комплетно спроведување на испитувањата во истата просторија. Уредена е и посебна просторија каде што физички се издвоени лабораториските хемикалии. Во просторијата за испитување квалитет на семе и саден материјал се вгради нова комора за 'ртење на семе со неколкукратно поголем капацитет и со можност за посоодветно регулирање на потребните услови. Во поглед на техничкото опремување, набавени се и други современи технички средства. Значаен сегмент од активностите на Лабораторијата претставува постојаното усовршување на персоналот преку различни обуки, курсеви и предавања. На планот на усовршувањето на персоналот е и постојаното издвојување и вложување за обезбедување на вработените со соодветна и најсовремена литература.

Како резултат на изнесените определби и заложби, Лабораторијата ја продолжи соработката со корисниците на услугите. Врз основа на нивни барања спроведени се тестирања за кои навремено е издадена соодветна документација. Обемот на извршените услуги на корисниците е даден во прилог број 1.

Податоците покажуваат намален број на испитувани примероци во однос на претходната година. Состојбата е резултат, пред сè, на тоа што корисниците секоја година не вршат анализа на водата што ја користат за наводнување на производните површини и на почвата од истите (особено кај повеќегодишните насади). Земјоделското производство воопшто и производството на семе кај нас и пошироко во регионот во 2012 година се карактеризираше со намалени приноси како резултат на неповолните климатски услови (мала количина на врнежи и високи температури), што се рефлектира и со намален број на примероци од семе за испитување. Но, намалениот обем на испитувани примероци од семе е резултат и на нееднаквата конкуренција од страна на неакредитирани (овластени) лаборатории кои до крај не се придржуваат на пропишаните правила и прописи, на што реагираа и корисниците на услугите и ресорното министерство.

Во текот на 2013 година ќе продолжи соработката со досегашните корисници, а се планира и проширување на работните активности со други потенцијални корисници во истите и во други области каде постои можност. Посебен сегмент во работењето ќе претставуваат активностите од областа на испитувањето на ѓубривата, резидуите од пестициди во одделни земјоделски производи, здравствената контрола на истите и земањето на примероци од семе.

**Прилог бр. 1**

**Преглед на извршени тестирања во Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина, во текот на 2012/2013 година**

1. **Вода**

- Определувани параметри: pH, $SO_4^{2-}$, HPK, $Cl^-$, суспендирани материи

**1 примерок**

Определувани параметри: pH, алкалност, вкупна тврдина, карбонатна тврдина, некарбонатна тврдина, вкупен сув остаток од нефилтрирана вода, вкупен сув остаток од филтрирана вода, суспендирани материи,

Al, Sb, As, Cu, Ba, Be, Bi, B, V, Ga, Ge, Fe, Sn, Cd, K, Ca, Co, Li, Mg, Mn, Mo, Na, Ni, Pb, Pd, Ag, Sr, Tl, Ti, Cr, Zn.

- **1 примерок**

Определеувани парамтери: pH, алкалност, $SO_4^{2-}$, $NO_2^-$, $NO_3^-$, $NH_4^+$, вкупна тврдина, вкупен сув остаток од нефилтрирана вода, вкупен сув остаток од филтрирана вода, суспендирани материи,

Sb, As, Cu, Ba, Be, Bi, V, Fe, Cd, K, Ca, Co, Li, Mg, Mn, Mo, Na, Ni, Pb, Ag, Sr, Tl, Ti, Cr, Zn.

- **1 примерок**

Определувани параметри: турбидност, EC, алкалност, pH, $SO_4^{2-}$, $NO_2^-$, $NO_3^-$, $NH_4^+$, вкупна тврдина, карбонатна тврдина, некарбонатна тврдина, вкупен сув остаток од нефилтрирана вода, вкупен сув остаток од филтрирана вода, суспендирани материи, хлориди, ХПК.

- **1 примерок**

  Определувани параметри: pH, алкалност, $SO_4^{2-}$, вкупна тврдина, вкупен сув остаток од нефилтрирана вода, вкупен сув остаток од филтрирана вода, суспендирани материи, ХПК, хлориди,

  Al, Cu, B, Fe, Cd, K, Ca, Mg, Mn, Mo, Na, Zn, P.

- **1 примерок**

  Определувани параметри: $SO_4^{2}NO_3^{-}$, $NO_2^{-}$, $NH_4^{+}$, P, K, Ca, Mg

- **8 примероци**

  Определувани параметри: pH, Ec, $NO_3^{-}$, $NO_2^{-}$, $NH_4^{+}$

- **2 примероци**

  Определувани параметри: pH, суспендирани материи, вкупен сув остаток, видлива боја, ХПК.

- **1 примерок**

  Определувани параметри: pH, EC, $SO_4^{2-}$, $NO_3^{-}$, $NO_2^{-}$, $NH_4^{+}$, P, K, Ca, Mg.

- **6 примероци**

  Определувани параметри: видлива боја, pH, EC, алкалност, $SO_4^{2-}$, $NO_3^{-}$, $NO_2$, $NH_4^{+}$, вкупна тврдина, карбонатна врдина, некарбонатна тврдина, суспендирани материи, вкупен сув остаток нефилтрирана вода, хлориди, K, Ca, Mg, Na.

- **1 примерок**

  Определувани параметри: pH, EC, $SO_4^{2-}$, $NO_3^{-}$, $NO_2^{-}$, $NH_4^{+}$, P, K, Ca, Mg, Mn, Mo, Zn, Cu, B.

- **2 примероци**

  Определувани параметри: турбидност, pH, EC, $SO_4^{2-}$, $NO_3^{-}$, $NO_2^{-}$, $NH_4^{+}$, ХПК, хлориди, видлива боја, алкалност, вкупна тврдина, карбонатна врдина, некарбонатна тврдина, суспендирани материи, вкупен сув остаток нефилтрирана вода,

  Al, Sb, As, Cu, Ba, Be, Bi, B, V, Ga, Ge, Fe, Sn, Cd, K, P, Ca, Co, Li, Mg, Mn, Mo, Na, Ni, Pb, Pd, Ag, Sr, Tl, Ti, Cr, Zn.

- **1 примерок**

  Определувани параметри: турбидност, pH, EC, $SO_4^{2-}$, $NO_3^{-}$, $NO_2^{-}$, $NH_4^{+}$, ХПК, хлориди, видлива боја, алкалност, вкупна тврдина, карбонатна врдина, некарбонатна тврдина, суспендирани материи, вкупен сув остаток нефилтрирана вода, Al, Mn, Fe.

- **1 примерок**

  Определувани параметри: флуоресцеин и Na.

- **29 примероци**

Определувани параметри: турбидност, pH, EC, $SO_4^{2-}$, $NO_3^-$, $NO_2^-$, $NH_4^+$, ХПК, хлориди, видлива боја, алкалност, вкупна тврдина, карбонатна врдина, некарбонатна тврдина, суспендирани материи, вкупен сув остаток нефилтрирана вода, Al, Mn, Fe.

- **2 примероци**

**Вкупно анализирани примероци од вода: 58**

2. **Почви и седименти**

- Определување на вкупна содржина на елементи од пакет со метода на ИСПМС, по растворање на почвата со $HNO_3$+HF+$HClO_4$

Al, Fe, Ca, Mg, Na, K, Ti, Mn, Sr, Ba, Zn, Pb, Cr, Co, Ni, Cd, Cu, As, Li, Rb, Cs, Be, U, Th, V, Mo, Sb, Bi, Ge, Ag, Tl, Sn.

**27 примероци**

- Определување на вкупна содржина на елементи од пакет со метода на ИСПМС, по растворање на почвата со $HNO_3$+HF+$HClO_4$
Al, Fe, Ca, Mg, Na, K, Ti, Mn, P.

**2 примероци**

- Определување на вкупна содржина на елементи од пакет со метода на ИСПМС, по растворање на почвата со HNO3+HF+HClO4
Mg, Fe, Mn, Zn, Pb, Ni, Cd, Cu.

**1 примерок**

- Определување на вкупна содржина на елементи од пакет со метода на ИСПМС, по растворање на почвата со $HNO_3$+HF+$HClO_4$

Al, Fe, Ca, Mg, Na, K, Ti, Mn, Sr, Ba, Zn, Pb, Cr, Co, Ni, Cd, Cu, As, Li, Rb, Cs, U, Th.

**10 примероци**

- Определување на вкупна содржина на елементи од пакет со метода на ИСПМС, по растворање на почвата со $HNO_3$+HF+$HClO_4$
Fe, Zn, Pb, Cr, Cd, As, Bi.

**1 примерок**

- Определување на вкупна содржина на елементи од пакет со метода на ИСПМС, по растворање на почвата со $HNO_3$+HF+$HClO_4$
Fe, Mn, Zn, Pb, Cd, Cu, As.

**6 примероци**

**Вкупно анализирани примероци од почви и седименти: 47**

**3. Растенија**

– Определување на вкупна содржина на елементи од пакет со метод на ИСПМС, после растварање на примерокот со $HNO_3$+$H_2O_2$

**Вкупно анализирани примероци од растенија: 8**

4. **Агрохемиска анализа на почва**

**Вкупно анализирани примероци за агрохемиска анализа на почва: 690**

5. **Квалитет на семенски материјал**

| **Р. бр** | **Култура** | **Латинско име** | **Број на примероци** | **Килограми/ бр. на семиња** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Пченица | *Triticum aestivum* | 132 | 2.650.950 kg |
| 2 | Јачмен | *Hordeum vulgare* | 35 | 612.975 kg |
| 3 | Пролетен јачмен | *Hordeum vulgare* | 3 | 42.200 kg |
| 4 | Тритикале | *Triticosecale* | 3 | 45.000 kg |
| 5 | Пченка | *Zea mays* | 7 | 5.716 kg |
| 6 | Хибридна пченка | *Zea mays* | 7 | 16.359,5 kg |
| 7 | Сончоглед | *Helianthus annuus* | 2 | 27.250 kg |
| 8 | Соја | *Glycine max* | 4 | 15.900 kg |
| 9 | Пиперка | *Capsicum spp.* | 5 | 745 kg |
| 10 | Домат | *Lycopersicon esculentum* | 1 | 409.000 семки |
| 11 | Тиква | *Cucurbita pepo* | 1 | 4900 кг |
| 12 | Лицерка | *Medicago sativa* | 2 | 2.600 kg |
| 13 | Краставица | *Cucumis sativus* | 1 | 158.250 семки |
| 14 | Диња | *Cucumis melo* | 1 | 100 kg |
| 15 | Морков | *Daucus carota* | 1 | 58 kg |
| 16 | Зелка | *Brassica oleracea var. capitata* | 10 | |
| 17 | Кромид | *Allium cepa* | 1 | |
| | | **Вкупно:** | **216** | |

**Извештај за работата на Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина - Одделение за бактериологија и вирологија**

Во изминатата 2012/2013 година стручниот тим од Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина – Одделение за бактериологија и вирологија континуирано ја следеше состојбата на терен, како кај култивираните растенија - градинарските култури, овошните насади и виновата лоза, така и кај дивата популација на растенија.

Теренските истражувања направени на целата територијата на Република Македонија ја потврдија појавата на патогени причинители на болести кај различни култури, застапени со различен интензитет.

По секоја теренска анализа во Лабораторијата беа донесени примероци за анализа за да се докаже присуството / отсуството на патогени кај испитуваните култури и да се изврши нивна соодветна детерминација.

Теренските анализи на здравствената состојба на виновата лоза беа следени на ниво на целата држава, со посебен осврт на Тиквешкото виногорје, но и на другите поголеми и помали локалитети под лозов насад.

Беше континуирано следено присуство на фитоплазматски и вирусните промени кај различни сорти на винова лоза, но најинтензивно беа следени винските сорти *вранец, црн бургундец, шардоне* и *смедеревка*, кај кои симптомите и економските штети беа најмногу изразени.

Лабораториските техники на изолација и идентификација на фитоплазматски причинители на болести го потврдија присуството на 16SrXII група на фитоплазми – *Bois noir* – столбур (црно дрво), фитоплазма која по својата природа не е карантинска, но тоа не значи дека неможе да предизвика економски штети.

Присуството на вирусите кај новиот саден материјал, како и за првпат подетално е испитувано во Одделението за вирологија при Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина. Лабораториски беше потврдено присуство на вирусот на свиткување на листовите кај виновата лоза – *Grapevine leaffroll virus* кој во литература се јавува со досега потврдени девет соеви, од кои кај нас ги има GLRaV1 и GLRaV3, GVA и GFkV.

Исто така, во Одделението за бактериологија и вирологија беше следена состојбата со насадите под слива, каде што беше потврдено присуство на вирусот на шарка на сливата (*Plum pox viruses*). Овој вирус беше потврден со универзална група на серуми за детекција на вирус на шарка кај сливата (со користење на универзални китови на BIOREBA). Присуството на овој вирус беше забележано кај повеќегодишни насади од слива со следење на состојбата на вирусот почнувајќи од мај до септември. За да се одреди концентрацијата на вирусот за време на латентниот период, во декември од маркирани позитивни овошки на вирусот на шарка на сливата беа собирани заспани пупки и кај нив беше потврдено присуството на вирусот со иста концентација.

Од овошните култури, исто така беше следена здравственатасостојба на крушите и дуњите, и беше забележано присуство на бактериската пламеница кај крушата *Erwinia amylovora*, една од најштетните и економски најзначајни бактериози кај овошките. Од особено значење за одгледување на овошните култури – круша, јаболка, дуња е почетокот во нашето истражување за појавата на бактериската пламеница и кај дивата популација – дивата круша – *Pyrus pyraster*, која се сметала како отпорна спрема *Erwinia amylovora*.

**Извештај за работата на Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина - Одделение за микологија**

Во периодот 2012 – 2013 година, стручниот тим од Одделението за микологија активно ја следеше појавата на микозни заболувања кај

земјоделските култури. И оваа година повторно е потврдено присуството на *Macrophomina faseolina* и Phomopsis spp. кај сончогледот, а забележано е присуство и на фитопатогената габа *Rhizopus* spp.

Здравствената состојба на житните култури во околината на Скопје, Куманово, Кочани, Штип, Пробиштип, Свети Николе, Прилеп, Битола и Струмица е следена континуирано во текот на вегетацијата, при што е забележано присуство на веќе утврдени патогени, како што се: *Micospherella graminicolla* со анаморфниот стадиум *Septoria tritici*, *Tapesia yallundae*, *Pyrenophora graminea*, *Rhynchosporium secalis*, *Blumeria graminis* и *Pucinia graminis*.

Кај оризот е забележано присуството на *Giberella fujikuroi* и *Magnaporthae grisea* (анаморф: *Pyricularia grisea* (Cooke) Sacc.), а кај крушата присуството на ‘рѓа предизвикана од фитопатогената габа *Gumnosporangium sabine*.

Исто така, испитувана е здравствената состојба на семенскиот материјал од житни и индустриски култури, како и задравствената состојба на садници од винова лоза и овошни култури од присуство на фитопатогени габи.

**Извештај за работата на Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина - Одделение за фитофармација**

Во Одделението за фитофармација се испитувани резидуи од пестициди во земјоделски производи и водата за наводнување во Струмичкиот регион и тоа во селата: Бориево, Куклиш, Робово, Дабиле, Піперово, Просениково, Сачево, Добрејци, Струмица, Баница, Моноспитово, Иловица, Еднокуќево, Банско, Муртино и Зубово. Направена е анкета на земјоделските производители за да се добијат информации за најчесто употребуваните пестициди во регионот. Квалитативно и квантитативо се испитувани следниве пестициди: Propiconazole, Pirimicarb, Metribuzine, -Cyhalothrin, Bifenthrin, Pyrimethanyl, Fenithrotion, Ethofumesate, Penconazole, Tolylfluanid, Triadimenol, Indoxacarb, Bromopropylate, Captan, Chlorpyrifos, Diazinon, Malathion, Terbufos, Pirimiphos-methyl, како и вкупен Lindan.

**Извештај за работата на Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина - Одделение за ентомологија**

Одделението за ентомологија е во состав на Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина. Лабораторија е во два дела, едниот за изведување на наставата (вежби) за студентите од Земјоделскиот факултет. Во другиот дел е сместена опремата за научни истражувања. Во Лабораторијата за ентомологија наменета за научни истражувања се работи на проучување симптомите предизвикани од штетниците кај културните растенија и нивно распознавање, детерминација на штетниците кои се јавуваат кај различни култури, а пред сè кај градинарските, житните, овошките и виновата лоза. Во лабораториските услови се врши тријажа на материјалот уловен од терен, кој потоа се подготвува за детерминација и за чување во ентомолошки кутии.

Во составот на Одделението се проучуваат и основните карактеристики на нематодите. Оваа група на паразити предизвикуваат штети кај земјоделските култури со сличен интензитет како и патогените бактерии и габи, па токму поради тоа проучувањето на оваа група е многу значајна за заокружување на истражувањата во полето на заштитата на растенијата.

**Оддел за контрола на квалитет на храната**

Одделот за контрола на квалитет на храната располага со еден потенциостат Autolab 128 N, еден Palmsense микропотенциостат, микробранова печка, ранцимат Methrom-инструмент за мерење на стабилноста на маслата, а во постапка е и набавка на дополнителна опрема за анализа на вино, како и автоматски потенциометриски титратор. Главните цели на Одделот за контрола на квалитетот на храната се испитување на квалитативниот и квантитативниот состав на масло и производи од масло, релевантни параметри за квалитетот на виното (содржина на алкохол содржина на шеќери, содржина на слободни киселини содржина на тешки метали, содржина на атниоксиданти...). Покрај тоа, со помош на електрохемиските инструменти се испитуваат хемиските својства на голем број токсични материи присутни во храната (афлатоксини, гиберилинска киселина), потоа својствата на голем број на антиоксиданти (полифеноли, деривати на Coenzyme Q). Притоа, главен акцент се става на идентификација на механизмот на влијание на испитуваните компоненти присутни во храната во човечкиот организам. Многу скоро, во рамките на овој Оддел ќе биде набавен и високопритисочен течен хроматограф и дополнителна инструментација за анализа на млеко и млечни производи. Овој Оддел располага и со микробранова печка, која е во функција на минерализација на органски и неоргански примероци и нивно преведување во раствори, чиј елеменатрен состав потоа се испитува со помош на атомска спектроскопија. Целата палета на инструментални методи во Одделот за контрола на квалитетот на храната е во функција на обезбедување на предуслови за проценка на квалитетот на храната.

Во делот за анализа на масла за јадење, активностите беа фокусирани на анализа на следниве параметри:

1. Определување на оксидативна активност на прехранбени масла;
2. Определување на густина на прехранбени масла;
3. Определување на киселински број на прехранбени масла;
4. Определување на јоден број на прехранбени масла;
5. Определување на пероксиден број на прехранбени масла;
6. Определување на алкалност на прехранбени масла.

Во овој Оддел, исто така, се изведуваат анализи и контрола на квалитет на вина. Во текот на 2013 година, во Одделот за контрола на квалитет на вина се разработени и воведени следните методи за анализа на вино:

1. Определување на вкупен $SO_{2;}$
2. Определување на слободен $SO_{2;}$
3. Определување на вкупни киселини;
4. Определување на редуцирачки шеќери;
5. Мултиелементна анализа на вина;
6. Определување на вкупни полифеноли;
7. Определување на вкупни антоцијани;
8. Определување на интензитет на боја;
9. Определување на нијанса;
10. pH;
11. Микробиолошка анализа на вино.

Методите 1-5 се оптимизирани со определување на точност, повторливост и мерна неодреденост.

Планирани активности за следната година:
1. Разработка и воведување на метода за определување на алкохол;
2. Разработка и воведување на метода за определување на сув екстракт;
3. Разработка и воведување на метода за определување на специфична тежина;
4. Разработка и воведување на метода за определување на испарливи киселини.

Вработените во Одделот за контрола на квалитетот на храната во 2012-2013 година реализираа повеќе престои во странски научни институции од Германија, Романија, Унгарија, Србија, Шпанија, Турција и Бугарија.

### 1.2 Катедрата за растително производство

Во склоп на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип како организациона единица постои и активно работи Катедрата за растително производство. Во неа во редовен работен однос се вработени тројца редовни професори, тројца вонредни професори, еден доцент и еден асистент, сите од областа на растителното производство.

Во Катедрата за растително производство наставно-научниот кадар го сочинуваат:
- редовен професор, проф. д-р Љупчо Михајлов – раководител на Катедрата;
- редовен професор, проф. д-р Верица Илиева;
- редовен професор, проф. д-р Лилјана Колева-Гудева;
- вонреден професор, проф. д-р Милан Ѓеорѓиевски;
- вонреден професор, проф. д-р Драгица Спасова;
- вонреден професор, проф. д-р Мите Илиевски;
- доцент, доц. д-р Фиданка Трајкова;
- асистент, асс.м-р Наталија Маркова-Руждиќ.

Редовното одржување на наставниот процес од прв, втор и трет циклус студии во сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД Штип, во текот на 2013/2014 година, беше приоритетна активност на професорите и асистентите од оваа Катедра.

Вработените од Катедрата за растително производство се вклучени и во повеќе прокети и научноистражувачки активности. Дел од вработените, освен работните обврски кои ги извршуваат во рамките на Катедрата, исто така учествуваат и во работата на останатите организациони единици (катедри, лаборатории), како и во органите на управување и одлучување на Земјоделскиот факултет и Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Катедрата за растително производство во текот на извештајниот период имаше голем број на активности на домашни и интернационални манифестации и конгреси од областа на растителното производство и биотехнологијата. Во поединечните годишни извештаи на професорите и соработничкиот кадар, за извештајниот период може да се видат нивните активности од областите на издавачка дејност, учество и раководење со проекти, објавени трудови, учество на симпозиуми, конгреси, семинари, работилници, студиски патувања и сл.

Проф. д-р Љупчо Михајлов и асс.м-р Наталија Маркова Руждиќ од Катедрата за растително производство и проф. д-р Илија Каров од Катедрата за заштита на растенијата во периодот од 27 – 29 ноември 2013 година остварија работна посета на Институтот по земјоделие од Карнобат, Република Бугарија, при што беа разменети потпишаните договори за заемна соработка меѓу УГД – Земјоделски факултет – Штип и Земјоделскиот институт од Карнобат. Тројцата претставници од Земјоделскиот факултет настапија со свои презентациии на научни трудови на научната конференција „Селекција и агротехника на полски култури”. Проф. д-р Љупчо Михајлов раководеше со една од секциите на конференцијата, а деканот проф. д-р Илија Каров со воведна презентација ги запозна присутните со историјатот и тековните активности на Универзитетот „Гоце Делчев” од Штип.

Деканот, проф. д-р Илија Каров од Катедрата за заштита на растенијата и проф. д-р Љупчо Михајлов во периодот од 5 до 7 март 2014 година на саемот Агра 2014 во Пловдив, Бугарија, оствария средби со претставници од повеќе научни институти. Од Институтот за фуражни култури од Плевен, Одделот за соја, се земени 4 нови бугарски сорти соја кои се вклучени во испитувањата предвидени во македонско-кинескиот билатерален проект **„Улогата на симбиотската азотофиксација кај сојата и можноста за отстранување на тешки метали од почвата“,** во кој главен истражувач е проф. д-р Љупчо Михајлов.

Со Решение бр. 0701-372/18 од 10.3.2014 година од Управниот одбор на Фондот за научноистражувачка работа за финансирање на научноистражувачки проекти за 2014 година, одобрено е финансирање на научн-истражувачкиот проект: **„Процена на различни генотипови полјоделски култури во системот на органско земјоделско производство**“. Носител на активностите предвидени по овој проект

е Катедрата за растително производство, главен истражувач е проф. д-р Љупчо Михајлов. Во проектот кој е со времетраење од две години вклучени се: проф. д-р Илија Каров и м-р Васко Златковски од Катедрата за заштита на растенијата, како и доц. д-р Фиданка Трајкова и асс. м-р Наталија Маркова-Руждиќ од Катедрата за растително производство.

На 3.4.2014 година Универзитетот „Гоце Делчев“ и Министерството за образование и наука потпишаа Договор за доделување и користење на средства наменети за реализација на меѓународниот македонско-кинески научноистражувачки проект со наслов **„Улогата на симбиотската азотофиксација кај сојата и можноста за отстранување на тешки метали од почвата“,** чиј главен истражувач е проф. д-р Љупчо Михајлов од Земјоделски факултет, Катедра за растително производство. Овој Договор е потпишан врз база на претходно прифатениот и позитивно рецензиран предлог-проект, поднесен на објавен конкурс на македонското и кинеското МОН, за билатерални научноистражувачки проекти. Исто така, овој Договор претставува дел од протоколот од третото заседание на Заедничката комисија за научна и технолошка соработка меѓу Република Македонија и Народна Република Кина, **бр.** 16-1026/1 од 15.5.2013 година и Решението за финансирање на прифатените научноистражувачки проекти со Народна Република Кина кои ќе се финансираат во периодот 2014 и 2015 година, број 16-199/1 од 30.1.2014 година. Освен спроведените тековни теренски и лабораториски истражувања по проектот во текот на 2014 година во нашата држава, остварена е и посета на неколку институции вклучени во проектот од НР Кина. Според активностите предвидени по проектот во периодот од 02.09.2014 – 15.9.2014, раководителот на проектот проф. д-р Љупчо Михајлов, со проф. д-р Илија Каров и Елизабета Барбареева- Давитковска, во НР Кина ги посетија следниве институции:

1. Институтот за применета екологија при Кинеската академија на науките – (Chinese Academy of Sciences - Institute of Applied Ecology);
2. Централната лабораторија за еколошко загадување и инженерство на животната средина (Key Laboratory of Pollution Ecology and Environmental Engineering);
3. Централната лабораторија за терестрични еколошки процеси (Key Laboratory of Terrestrial Ecological Process);
4. Колеџот за земјоделство при Земјоделскиот универзитет во Шенјанг (Agriculture College of Shenyang Agriculture University);
5. Колеџот за инженерство на науки за животнта средина при Универзитетот во Нанкаи, (Nankai University – College of Environmental Science and Engineering).

Главниот истражувач во проектот проф. д-р Љупчо Михајлов во горенаведените институции одржа презентации пред повеќе професори и студенти на II и III циклус, од Универзитетите во Шенјанг и Нанкаи под наслов:

**Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип - Земјоделски факултет, Истражувања, соработки, тековни проекти и перспективи**

Проф. д-р Илија Каров, член на проектот во горенаведените институции одржа презентации пред повеќе професори и студенти на II и III циклус под наслов:

**„Болести на оризот во Република Македонија”**

Елизабета Давитковска-Барбареева ги спроведуваше протоколарните активности предвидени по проектот (водење записници, фотографирање, размена на материјали, коресподенција и сл.)

За времетраење на посетата беа посетени повеќе лаборатории опитни станици и истражувачки центри на наведените институции, каде што се спроведуваат истражувања од областите:

- фиторемедијација на загадени почви со тешки метали;
- селекцијата на сојата и оризот во правец на добивање на популации со висока способност за фиторемедијација на загадени почви со тешки метали, висок принос и отпорност кон болести и штетници.

По повод поканата од страна на Централната канцеларија за тестирање на земјоделски растенија – (Community Plant Variety Office (CPVO), Angers, France), Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управа за семе и саден материјал, го покани проф. д-р Љупчо Михајлов од Катедрата за растително производство да учествува на научно стручна обука за тестирање на: различност, униформност и стабилност („DUS” testing), на сорти од земјоделски растенија. Обуката се одржа на 5 различни локации во Полска во периодот од 1.6.2014 – 5.6.2014. Посетени беа опитни станици на Истражувачкиот центар за тестирање на сорти од земјоделски растенија, на различни локации во Полска (Research Centre for Cultivar Testing (COBORU), Słupia Wielka, Hrastovo, Karzniczka - Poland). Во периодот на посетата претставниците од Македонија активно учествуваа на научно-стручна обука за тестирање на: различност, униформност и стабилност („DUS” testing), на сорти од земјоделски растенија.

На Катедрата за растително производство, во учебната 2013 – 2014 година на II циклус студии на модулот Биотехнологија, селекција и семепроизводство се запишани двајца кандидати, кои редовно ги спроведуваат предвидените активности поврзани со студиите од II циклус.

На III циклус студии на модулот Биотехнологија, генетика и селекција 2013-2014 година се запиша еден кандидат. Запишаните кандидати од III циклус од претходните години успешно ги спроведуваат планираните предвидени активности. Кандидатката асс. м-р Наталија Марковска Руждиќ, постави полски опити (втора година на испитување), на два локалитета (Овче Поле и Струмица), заради компаративни полифакторијални испитувања на 37 сорти есенски јачмен. Опитот во 2012-2013 вегетациска година, успешно е реализиран, и завршени се статистичките и лабораториските анализи на остварените резултати. Кандидатката на III циклус Оливера Бичиклиски, во текот на мај – јуни 2014 година (втора година на испитување), постави полски опит на локалитетот Камник кај Скопје, на органски сертифицирана земјоделска обработлива

површина. Исто така и овој полски опит каде што компаративно (органски и конвенционално) се испитуваат 6 домашни и странски автохтони сорти пиперка, успешно е реализиран, завршена е статистичка и лабораториска обработката на добиените резултати.

Во текот на септември 2013 година се заврши со изготвувањето на нов проект за III циклус академски универзитетски студии од групата Растително производство, со 2 модула: Пољоделско производство и Биотехнологија, селекција и семепроизводство. Официјално во 2014 година добиено е Решение за за акредитација на овие два модула.

Проф. д-р Љупчо Михајлов од Катедрата за растително производство и во текот на 2014 година учествуваше во спроведување на стручна контрола на семенски посеви. Стручната контрола се изведуваше преку теренски активности со 2 контролни прегледа во текот на вегетацијата на семенските посеви на пријавените површини. Врз база на контролните теренски посети се изготвувани записници и сертификати за состојбата со посевите на местото на одгледување на семенските културни растенија. Прегледите се спроведуваа на повеќе земјоделски фирми на територијата на целата држава (Овче Поле, Пробиштипско, Кумановско, Пелагонија - Битолско), регистрирани за семепроизводство. Паралелно со стручните прегледи во овие активности беше вклучен и деканот проф. д-р Илија Каров, кој е одговорен за здравствените прегледи при апробацијата на семенските посеви.

Проф. д-р Верица Илиева и асс. м-р Наталија Маркова од Катедрата за растително производство, активно се вклучени во работата на Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина во рамките на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина – Оддел за квалитет на семе и саден материјал.

Во текот на извештајниот период имаше избор во повисоки звања, од доцент во вонреден професор, на вонреден професор, проф.д-р Мите Илиевски.

Активностите на Катедрата за растително производство во периодот што следува ќе бидат насочени кон продолжување на на предвидените програми за редовно одржување на наставниот процес од прв, втор и трет циклус на студии во сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД Штип. Во годината што следува континуирано ќе продолжат планираните активности по тековните научноистражувачки и апликативни проекти во рамките на Катедрата за растително производство. Нови апликации со предлог проекти, по повод различни повици од домашни и странски донатори исто така ќе бидат предмет на редовни активности на вработените во Катедрата за растително производство. Активностите за спроведување на студентската практична работа, со зголемен интензитет и континуитет, ќе бидат една од редовните обврски на професорите и соработничкиот кадар од Катедрата за растително производство и во наредниот период. Врз база на добиените резултати од досегашните истражувања на кандидатите од II и III циклус ќе продолжат активностите од областа на селекционирање и хибридизација

на растенијата во правец на создавање на нови сорти, особено на јачмен и соја. Редовните активности за спроведување на полски и лабораториски истражувања од областа на одржување на сортите земјоделски растенија, во континуитет ќе се спроведуваат. Во периодот што следува посебен акцент на активностите и истражувањата ќе биде даден на истражувањата и проектите од областа на органското растително производство и семепроизводство. Како нова планирана активност на Катедрата за растително производство е организирање на производство на посадочен и семенски материјал од ароматично-зачински и алтернативни растенија, според принципите на органското растително производство. Во следната година се планира посета на повеќе меѓународни конференции, симпозиуми и други манифестации, со пријавување и презентирање на трудови од сопствени научни истражувања на професорите и соработничкиот кадар од катедрата за растително производство.

### 5.3. Катедра за лозарство и овоштарство

Во учебната 2013/2014 година вработените од Катедрата за лозарство и овоштарство беа ангажирани во редовните активности во наставно-образовниот процес на сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД Штип во првиот и вториот циклус на студии. Притоа, наставниот кадар од Катедрата за лозарство и овоштарство имаше неколку презентации на интернационални манифестации и конгреси од областа на лозарството. Проф. д-р Виолета Димовска учествуваше со свои презентации на неколку симпозиуми и конгреси во Бугарија, Хрватска и Босна и Херцеговина и тоа:

1. 03-06.10. 2013, Fourth International Scientific Symposium “Agrosym 2013”. Jahorina, Bosna and Herzegovina.
2. 25-28.09. 2013, 24$^{th}$ International Scientific-Expert Conference of Agriculture and Food Industry, Saraevo, Bosna and Herzegovina.
3. 3.18-21.10. 2013, Scientific Conference with International Participation. “Food Science, Enginering and Technologies 2013”. Plovdiv, R.Bulgaria.
4. 06-07.06. 2013, 23$^{rd}$ International Scientific Conference, Stara Zagora, R.Bulgaria.
5. 29-30.11.2013.Tirana. Завршен состанок по проектот Using local resources for microregional development sustainable agribusiness and tourism in the Southern Balkans (159143-TEMPUS-1-2009-HU-TEMPUS-JPCR).

Покрај овие активности, вработените од Катедрата за лозарство и овоштарство беа активно вклучени и во реализацијата на практичната работа на студентите од модулот Лозарство од првиот циклус на студии.

Од стручната дејност, вработените од Катедрата за лозарство и овоштарство во учебната 2013/2014 година имаат издадено неколку интерни скрипти за студентите од Земјоделскиот факултет и универзитетски учебник со наслов „*Производство на лозов саден материјал*”, ISBN 978-

608-244-040-8, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

Од научноистражувачката работа, вработените на Катедрата за лозарство и овоштарство при Земјоделскиот факултет публикуваа значаен број на публикации, од кои 2 труда се публикувани во списанија со импакт фактор, 2 во меѓународни списанија и 6 труда во зборници од меѓународни научни собири (конгреси, симпозиуми).

## 5.4. Катедра за прехранбена технологија и преработка на анимални производи

Во учебната 2013/2014 година, вработените од Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи покрај редовните активности во наставно-образовниот процес на сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД - Штип во првиот, вториот и третиот циклус на студии, беа активно вклучени и во голем број проекти и научноистражувачки активности. Наставниот и соработничкиот кадар од Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи имаше поголем број на презентации на интернационални манифестации и конгреси од областа на прехранбената технологија и преработката на анимални производи. Проф. д-р Ацо Кузелов учествуваше на меѓународни научна конференцијии во Бугарија, Србија, и Украина. Доц. д-р Виолета Иванова Петропулос учествуваше со свои презентации на неколку конгреси и симпозиуми во Македонија, Словачка , Босна и Херцеговина, Романиа, Унгарија. Освен тоа доцент д-р Виолета Иванова Петрпулос има остваренон студиски престој во Австрија, Италија, Германија и Словачка. Доц. д-р Сања Костадиновиќ-Величковска учествуваше на научни конгреси и семинари во Турција. Доцент д-р. Фиданка Илиева учествуваше на конференција во Бугарија. Доц. д-р Сања Костадиновиќ-Величковска имаше студиски престој во Германија.

Вработените од Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи беа активно вклучени и во реализацијата на практичната работа на студентите од првиот и вториот циклус на студии. Освен тоа, проф. Ацо Кузелов изведуваше настава и на Факултетот за туризам и бизнис логистика, доцент д-р Виолета Иванова Петропулос на Факултетот за природни и технички науки, Технолошко – технички факултет и Факултетот за медицински науки. Доц. д-р Сања Костадиновскиќ Величковска изведуваше настава и на Факултетот за медицински науки.

Доцент д-р Виолета Иванова Петрпулос има издадено една скрипта, еден практикум и една стручна книга од областа на енологијата во Германија.

Вработените од катедрата учествуваат во повеќе проекти како главни истражувачи и истражувачи. На катедрата за во изминатата година дипломираа 37 студенти на модулот Енологија и модулот преработка на земјоделски производи.

Од научноистражувачката работа, вработените на Катедрата за прехранбена технлогија и преработка на анимални производи при Земјоделскиот факултет публикуваа значаен број на публикации, од кои 5 трудови се публикувани во списанија со импакт фактор, а поголем број трудови се публикувани во влијателни домашни и меѓународни списанија.

**5.5. Катедра за наука за земјиштето и хидрологија**

Во учебната 2013/2014 година, вработените од Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија покрај редовните активности во наставно-образовниот процес на сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип во првиот, вториот и третиот циклус на студии, беа активно вклучени и во голем број научноистражувачки активности. Притоа, наставничкиот и соработничкиот кадар од Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија имаше поголем број на презентации на интернационални манифестации и конгреси од областа на агроекономијата, земјоделската механизација, хемијата и биохемијата. Проф. д-р Рубин Гулабоски има реализирано студиски престој на „Saarland University“, Хамбург, Германија. Проф. д-р Рубин Гулабоски одржа пленарно предавање на организираната работилницата од MatCatNet проектот “From Molecules to Functionalised Materials“, Scientific module “Polymers”, одржана во септември 2014 г. Проф. д-р Зоран Димитровски зеде учество со свои трудови на конгреси во Бугарија и Србија. Од соработничкиот кадар, асс. д-р Биљана Балабанова, асс. м-р Далибор Јованов и асс. м-р Петар Клетникоски зедоа учество со свои трудови на меѓународна научна конференција за наука за храна, техника и технологија во Пловдив, Р. Бугарија. Асс. д-р Биљана Балабанова се претстави со своја орална презентација на организираната работилницата од MatCatNet проектот “From Molecules to Functionalised Materials“, Scientific module “Polymers”, како и на Конгресот на хемичари и технолози на Република Македонија. Покрај овие активности, вработените од Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија беа активно вклучени и во реализацијата на практичната работа на студентите од првиот и вториот циклус на студии. Освен тоа, проф. д-р Рубин Гулабоски, доцент д-р Еленица Софијанова и асс. д-р Биљана Балабанова изведуваа настава и на Факултетите за медицински науки и на Економскиот факултет при Универзитетот Гоце Делчев-Штип. Вработените од Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија се активни учесници и во Акредитираната лабораторија за заштита на растенијата и животната средина, при што проф. д-р Рубин Гулабоски и асс. д-р Биљана Балабанова директно се вклучени во агрохемиските анализи и анализите на примероци од животната средина: вода, почва и седимент како и во хемиските мултиелементи анализи на храна (овошје, зеленчук, масло за јадење и вино).

Од стручната дејност, вработените од Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија во учебната 2013/2014 година имаат издадено поголем број на скрипти, учебници, монографии и делови од монографии:

Механизација-учебник, Механизација-практикум, Метеорологија-учебник, Метеорологија-практикум од проф. д-р Ристе Кукутанов; Агрохемија и исхрана на растенија (учебник – УГД, Штип) од проф. д-р Рубин Гулабоски; Машини и опрема во земјоделското производство (рецензирана скрипта – УГД, Штип) од проф. д-р Зоран Димитровски; Characteristics of Vertisols From Štip, Probištip and O. Pole Valleys (монографија – Lambert Academic Publishing) од асс. м-р Далибор Јованов; Геохемиски атлас на регионот на сливот на реката Брегалница од асс. д-р Биљана Балабанова; Moss biomonitoring in use: small scale area investigation for heavy metals air pollution - mines and smelter plant environ in the Republic of Macedonia, објавена во _ Moss: classification, development and growth and functional role in ecosystems (Nova Science Publishers, Hauppauge, NY, Editors: J. Mohamed, pp.111-170) од асс. д-р Биљана Балабанова.

Од научноистражувачката работа, вработените на Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија при Земјоделскиот факултет публикуваа значаен број на публикации, од кои 6 трудови се публикувани во списанија со импакт фактор, а поголем број трудови се публикувани во влијателни домашни или меѓународни списанија.

### 5.6 . Катедра за растителна биотехнологија

Со основањето на Катедрата за растителна биотехнологија Одлука бр. 1802-211/9 од 20.5.2014 год. за формирање на Катедра за растителна биотехнологија, рамките на истата е вклучена и работата на Лабораторија за растителна биотехнологија. Во рамките на активностите на Лабораторијата за растителна биотехнологија од лабораториските активности се изведуваат следните активности:

- разработува и воведува нови методи за микропропагација на растителни видови;
- врз основа на добиените резултати од анализите за микропропагација, предлага мерки за ефикасна адаптација и аклиматизација на *in vitro* регенерантите;
- предлага економски мерки за развојот на земјоделската биотехнологија;
- активно соработува со земјоделците и стручните лица во областа на комерцијалната биотхнологија и воопшто примената на биотхнолошките методи во современото земјоделско производство;
- изготвува програми и елаборати со цел да се овозможи правилен развој и примена на растителната биотехнологија;
- врши дисеминација на знаењето од областа на растителната биотехнологија во научни списанија, интерпретација на добиените резултати, и предлагање на користење на соодветни биотехнолошки методи во подобрувањето на постоечкиот генофонд на земјоделските култури;
- воспоставува добра лабораториска пракса преку соработка со слични по дејност институции и преку размена на кадар.

Научноистражувачката работата на Лабораторијата допрва ќе се развива и осовременува согласно новите трендови во истражувачката област на растителната физиологија, екофизиологија, биохемија и биотехнологија.

## 5. ИЗВЕШТАИ ОД ОДРЖАНИТЕ СЕДНИЦИ НА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ СОВЕТИ

Во академската 2013/2014 година на Земјоделски факултет се одржани вкупно 12 седници на Наставно - научениот совет (од 91-та седница од 16.10 2013 до 102-та седница одржана на ден 25.8.2014). Активностите на Наставно - научниот совет на Земјоделскиот факултет (ННС) се приложени како точки од дневниот ред и донесени одлуки на сите одржани седници во следните потточки од оваа поглавје на извештајот.

### 5.1. Одржани седници со дневен ред

***Дневен ред на 91. седница на ННС одржана на 16.10.2013 год.:***

- Усвојување на Записник од 88 и 90 седница на Наставно - научен совет

1. Донесување Одлука за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област економика на земјоделството и развој на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
2. Донесување Одлука за избор на еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област прехранбена технологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
3. Донесување Одлука за усвојување на предлог годишен план и програма за издавачка дејност на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
4. Донесување Одлука за утврдување на универзитетски изборни предмети за трет (III) циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
5. Донесување Одлука за усвојување на Елаборат за трет циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“-Штип;
6. Донесување Одлука за утврдување на потреба од ангажирање волонтери на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“-Штип;
7. Разгледување на пријавени докторски дисертации на вработените соработници/асистенти на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
8. Донесување Одлука за давање согласност на асс. м-р Наталија Маркова Руждиќ за вршење на високообразовна дејност на ФМН;
9. Донесување Одлука за формирање на комисија за оценка на магистерски труд на кандидатот Соња Ефремова;
10. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство бр.1505-2/57 од асс. м-р Наталија Маркова Руждиќ, заради реализација на студиски престој во Бугарија;

11. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство бр.1505-2/58 од група вработени на Земјоделски факултет заради земање учество на семинар во Белград;
12. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство бр.1505-2/59 од доц. д-р Фиданка Трајкова, заради земање учество на конференција по проектот SEECEL во Загреб, Хрватска;
13. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство бр.1505-2/60 од 14.10.2013 г.;
14. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство бр.1505-2/61 од 14.10.2013 г.
15. Разни барања и молби од студенти.

***Дневен ред на 92. седница на ННС одржана на 25.10.2013 год.:***

1. Донесување Одлука за усвојување на извештај од комисијата за оценка на магистерски труд на студентот Соња Ефремова;

Дополнување:

2. Донесување Предлог-мислење по барање на студентот Александар Штерјов и студентот Кире Јанев;
3. Донесување Предлог-мислење по барање на студентот Миле Атанасовски и студентот Љупчо Панев .

***Дневен ред на 93. седница на ННС одржана на 18.11.2013 год.:***

Усвојување на записник од 91. седница на Наставно-научен совет

1. Донесување Одлука за усвојување на годишен извештај за работата на деканот на Земјоделски факултет за учебната 2012/2013 година;
2. Донесување Одлука за покривање на наставата во втор циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“-Штип;
3. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство бр.1505-2/66 од проф. д-р Виолета Димовска;
4. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство бр.1505-2/67 од асс.м-р Фиданка Илиева;
5. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство бр.1505-2/68 од Виш лаб. м-р Васко Златковски ;
6. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство бр.1505-2/69 од доц.д-р Фиданка Трајкова и проф.д-р Виолета Димовска;
7. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство бр.1505-2/70 од проф.д-р Илија Каров, проф.д-р Љупчо Михајлов, проф.д-р Верица Илиева и асс.м-р Наталија Маркова Руждиќ;
8. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство бр.1505-2/71 од доц.д-р Сања Костадиновиќ Величковска;
9. Разни барања и молби од студенти.

***Дополнување:***

10. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство бр.1505-2/72 од проф.д-р Душан Спасов;

11. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство бр.1505-2/73 од проф.д-р Зоран Димитровски;
12. Донесување Одлука за одобрување на Барање за отсуство бр.1505-2/74 од асс.м-р Билјана Ковачевиќ.

***Дневен ред на 94. седница на ННС одржана на 6.12.2013 год.:***

Усвојување на записник од 92. и 93. седница на Наставно - научен совет

